**MINISTRY OF DEFENCE**

**REPUBLIC OF MACEDONIA**

# OUR WAY TO NATO
















**Врз основа на член 121 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 1993 година, донесе**

# Одлука

за стапување на Република Македонија во членство на Северноатлантската договорна организација

**Член 1**

Собранието на Република Македонија одлучи Република Македонија да стапи во членство на Северноатлантската договорна организација – НАТО.

**Член 2**

Барањето за членство во Северноатлантската договорна организација – НАТО, да го поднесе Претседателот на Република Македонија.

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Based on Article 121 of the Constitution of the Republic of Macedonia, the Assembly of the Republic of Macedonia at the session held on December 23, 1993 passed the following**

# Decision

For accession of the Republic of Macedonia in the North Atlantic Treaty Organization – NATO

**Article 1**

The Assembly of the Republic of Macedonia passed the decision for the Republic of Macedonia to acquire membership in the North Atlantic Treaty Organization - NATO

**Article 2**

The request for membership in the North Atlantic Treaty Organization -NATO will be submitted by the President of the Republic of Macedonia

**Article 3**

This decision enters into force the day it appears in the „Official Gazette of the Republic of Macedonia“

# Република Македонија

Во југоисточниот дел на Европа, омеѓен со Црното и со Мраморното Море на исток, со Егејското и со Јонското Море на југ, и со Јадранското Море на запад, се простира Балканскиот Полуостров. Во неговиот централен дел, на крстопатите од меѓународно значење кои водат во насока север-југ: Средна Европа – Панонска Низина – Егејско Море и во насока запад-исток (стариот трговски пат Виа Игнатиа): Италија – Јадранско Море – Албанија – Охрид – Битола – Солун – Истанбул (и новиот крак Охрид – Кичево – Скопје – Софија – Истанбул), се наоѓа Република Македонија.

Просторно сместена во меридијанска положба источно од Република Бугарија од $20^{0}27'$ до $23^{0}02'$ источна географска должина, а во напоредничка, јужно од Србија и Црна Гора и северно од Република Грција од $40^{0}51'$ до $42^{0}22'$ северна географска ширина, Република Македонија зафаќа површина од 25.713 km$^2$.




Вкупното население на Република Македонија, според пописот од 2002 година, изнесува 2.022.547 жители. Според националната структура, 1.297.981 или 64,18 % се Македонци, 509.083 или 25,17 % Албанци, 77.959 или 3,85 % Турци, 53.879 или 2,66 % Роми, 35.939 или 1,78 % Срби, 17.018 или 0,84 % Бошњаци, 9.695 или 0,48 % Власи и 20.929 или 1,04 % припадници на други етнички заедници.

# The Republic of Macedonia

The Balkan Peninsula is situated in the South-eastern part of Europe, bordered by the Black and Marmara Sea on the East, by the Aegean Sea on the South and the Adriatic Sea on the West. The Republic of Macedonia is situated in central part of the Balkan Peninsula, at the cross-roads which have the international significance and lead towards Nort-South: Middle Europe – the Flat of Panonia – Aegean Sea and West-East (the old road Via Ignatia): Italy – Adriatic Sea – Albania – Ohrid – Bitola – Thessaloniki – Istanbul (and the new wing Ohrid – Kicevo – Skopje – Sofia – Istanbul).

Regarding the meridian position, it is situated East of the Republic Bulgaria, from $20^{0}27'$ to $23^{0}02'$ Eastern geographic lenght and South of the Serbia and Montenegro and North of the Republic of Greace from $40^{0}51'$ to $42^{0}22'$ northern geographic width. The Republic of Macedonia covers 27.713 square km.

The total population of the Republic of Macedonia, according to the census from 2002, is 2.022.547 citizens. According to the national structure, 1.297.981 or 64,18% are Macedonians, 509.083 or 25,17% are Albanians, 77.959 or 3,85% are Turks, 53.879 or 2,66% are Romany, 35.939 or 1,78% are Serbs, 17.018 or 0,84% are Bosnians, 9.695 or 0,48% Vlachs, and 20.929 or 1,04% members of other ethnical groups.

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА д-р ВЛАДО БУЧКОВСКИ

# Цврста определба











*Република Македонија во изминативе години покажа дека е цврсто определена да биде членка на НАТО. Оваа организација, која е камен темелник на трансатлантскиот систем за безбедност, со проширувањето од Самитот во Прага, како и со идното приклучување на нови членки, меѓу кои и Македонија, ќе ја прошири зоната на стабилност и безбедност и ќе придонесе за мирот, стабилноста и благосостојбата во светот.*

*На патот кон нашето интегрирање во НАТО, Република Македонија е подготвена да ги спроведе потребните реформи со цел да ја преструктуира целокупната општествена структура според утврдените стандарди на земјите од Евроатлантската заедница. Оваа политичка определба денес ја поддржуваат сите политички субјекти и најголемиот број граѓани во нашата држава.*

*Република Македонија е свесна дека во наредниот период на патот кон нашето членство во НАТО постојат реални тешкотии и проблеми кои ќе мора да ги совладаме со наши напори, но и со поддршка од нашите партнери од НАТО, за да станеме дел од големото евроатлантско семејство на демократии.*

*Во изминатиов период, реформите започнати во сите сфери на општествениот живот, а особено длабоките реформи што се спроведуваат во сферата на одбраната, ги даваат првичните резултати. Во Република Македонија постои позитивно јавно мислење за значењето на овие реформи и поддршка за нивно натамошно спроведување. Во Министерството за одбрана, преку постојани консултации со експертите од НАТО, се спроведуваат реформите кои опфаќаат:*

- *професионализација на армискиот состав;*
- *модернизација на опремата и оружјето во согласност со нашите потреби и постојните стандарди во НАТО;*
- *намалување на бројот на вработените во Министерството за одбрана и АРМ.*



*Со Јадранската повелба, зад која застанаа и Соединетите Американски Држави, Република Македонија конкретно ја манифестира својата политичка определба за цврста регионална соработка, што е еден од основните услови за интегрирање на регионот во НАТО. Во изминатиов период беа одржани заеднички воени вежби помеѓу армиите на Република Македонија и Република Албанија. Вакви вежби ќе се одржуваат и во иднина, со учество на други држави од регионот, како израз на соработката меѓу соседите што се и кандидати за членство во НАТО.*

*Како израз на нашата политичка определба да станеме членка на НАТО, и да придонесеме во борбата против тероризмот и за постигнување мир и стабилност во светот, Република Македонија зема активно учество во мировните мисии во Авганистан и во Ирак. Ние сме уверени дека на овој начин, Република Македонија, заедно со нашите партнери од НАТО, ги штити заедничките вредности кои не поврзуваат и придонесува за промовирање на слободата, демократијата и почитувањето на човековите права во светот.*

*Република Македонија ќе продолжи по патот што е трасиран и независно од тешкотиите на кои ќе наидува решена е да ги совлада затоа што тоа е во интерес на Република Македонија, на земјите од регионот и на нашите партнери од НАТО и ЕУ.*

MINISTER OF DEFENCE d-r VLADO BUCKOVSKI

# Firm determination

*The Republic of Macedonia has demonstrated its firm determination in the last few years to become a NATO member country. This organization which is the cornerstone of the Trans-Atlantic security system, with its enlargement at the Prague Summit, as well as with the future adherence of the new members, among which is Macedonia, would spread the zone of stability and security and would contribute to the peace, stability and the prosperity in the world.*



*On the road to our NATO integration, the Republic of Macedonia is prepared to conduct the required reforms with the purpose of restructuring of the overall social structure according to the established standards of the countries from the Euro-Atlantic community. All the political subjects and most of the citizens in our country today support this political determination.*

*The Republic of Macedonia is aware that in the forthcoming period on our road towards NATO membership, exist real difficulties and problems that we have to overcome with our own efforts and also with the support from our NATO partners, in order to become a part of the great Euro-Atlantic family of democracies.*

*In the previous period, the reforms which were initiated in all the spheres of our social living, and especially the profound reforms which are conducted in the defence area, are already giving the primary results. There is a positive public opinion in the Republic of Macedonia as regards the meaning of these reforms and support for their future implementation. The reforms, which are carried out through regular consultations with the NATO experts at the Ministry of Defence, cover the following issues:*

- *professionalization of the army structure;*
- *modernization of the equipment and weaponry according to our needs and the persisting NATO standards;*
- *reduction of the number of the personnel in the Ministry of Defence and the ARM.*

*With the Adriatic Charter, also supported by the United States of America, the Republic of Macedonia has manifested its political determination for a firm regional co-operation which is one of the basic factors for reintegration of the region in NATO. In the previous period were held joint military exercises of the Armies of the Republic of Macedonia and the Republic of Albania. Such exercises would be realized in future as well with the participation of other countries from the region, as an expression of the co-operation between the neighbours which are candidates for NATO membership.*

*As a manifestation of the political determination to become a NATO member, to contribute in the fight against the terrorism and to achieve peace and stability in the world, the Republic of Macedonia actively participates in the peace missions in Afghanistan and Iraq. We are convinced that in that way, the Republic of Macedonia together with our NATO partners, protects the joint values that connect us and contributes in the promoting of the freedom, democracy and respect of the human rights in the world.*

*The Republic of Macedonia would continue on the path which is traced and regardless of the difficulties that will came across, it is determined to overcome it because it's in interest of the Republic of Macedonia, of the countries in the region and our NATO and EU partners.*











ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА НАТО ЏОРЏ РОБЕРТСОН

# Пријателства што траат











Големо задоволство ми претставува што бев замолен да го напишам предговорот за оваа публикација. Како генерален секретар на НАТО, една од задачите што ми претставуваше посебно задоволство, беше укажувањето помош за вашата земја за надминување на кризата од 2001 година и изградбата на подобри односи меѓу Алијансата и вашата земја. Велат дека најдобрите пријателства се оние кои се градат во неволја, а тоа секако е случајот со НАТО и Македонија.

Гледајќи на односите денес, лесно може да се заборави дека само пред две години НАТО беше мета на критики, дури и непријателство. Сепак, дури и тогаш, во толку многу конфузија и трагедија, сите сфативме дека само со заедничка работа Република Македонија може да ја надмине кризата.

Тоа беа времиња на огорченост и на хаос, кога беше многу лесно да се попушти пред силните емоции создадени од конфликтот. Но, и раководството и граѓаните на Македонија ги надминаа страстите и одбија да ги направат истите грешки како мнозина од нивното соседство. Наместо граѓанска војна и поделба, Македонија го одбра подобриот начин за компромис и мир. Во тој период, иако беа разменувани многу тешки зборови, НАТО и Владата работеа заедно. Нашиот однос се изгради преку оган, правејќи го силен и траен.



Денес постојат нови предизвици со кои треба да се соочиме и да ги совладаме. Кризата од 2001 година бараше брзо размислување, храброст и решителност, но сега се потребни други квалитети за да успееме да ја подготвиме Македонија за нејзиниот вистински пат кон НАТО и ЕУ. Овој предизвик ќе биде исто толку тежок како и надминувањето на кризата, кој ќе бара залагање, одлучност и организираност.

Затоа, партнерството помеѓу НАТО и Македонија во овој контекст треба да продолжи кон различно, позрело ниво. Сепак, веќе е очигледно дека пријателството помеѓу НАТО и Република Македонија претставува цврста основа за да го направиме тоа. Но, никој не треба да се залажува дека тоа ќе биде лесно или брзо. Наследството од Југославија се состоеше од застарена опрема, од напуштени стратегии и тактики и од застарено размислување засновано на авторитативен систем. Кога се чинеше дека сте блиску до надминување на овие проблеми, кризата во 2001 година ги уништи годините на прогресот.

Можам да ги разберам реагирањата на Владата и на луѓето што Македонија не влезе во последниов круг на проширување. Но, тоа е минато, и нашето партнерство сега е насочено кон иднината.

Исто така, треба да се запомни дека на многу начини самиот процес на подготовки за членство во НАТО има огромна вредност сам по себе. Без разлика дали е членка на НАТО или не, Македонија ќе треба да ги продолжи моменталните реформи и преструктуирањето. Разликата е што наместо да дејствува сама, македонската војска може да добие совет и помош во секој нејзин чекор. НАТО ја црпи својата сила од сите членки кои можат да дадат свој придонес. Во таа смисла, членството во НАТО е како да се биде во фудбалска екипа, во која никој, без разлика колку е талентиран, не може да даде максимум, доколку секој од екипата не игра како што треба. За вас, ова значи дека главните реформи се сѐ уште потребни, бидејќи со слабата економија не можете да си дозволите неефикасност или погрешна опрема. На пример, во новата стратегиска средина, поголемиот дел од тешката оклопна опрема е едноставно вишок. Можеби изгледа чудно да се ослободите од опрема која сѐ уште работи, но луѓето и резервните делови кои се потребни за таа опрема и понатаму да функционира, претставува водење на погрешна економија.

Ова се тешки и болни одлуки. Сепак, не постои избор доколку Република Македонија сака да го реализира својот потенцијал и да ги исполни своите амбиции. Раководството на Министерството за одбрана знае што треба да се направи, и е решено да го направи тоа, а Алијансата е решена да помогне.

Ниедна друга земја во ЕАПС или во МАП нема толку многу луѓе што директно помагаат во тој процес. Сега кога ЕУ ја презема операцијата „Конкордија“, напорите на НАТО се променија: од справување со краткорочните безбедносни проблеми, кон советување за долгорочните реформи. Искусните војници како генерал-мајорот Манцано и бригадниот генерал Бакстер кои даваат совети за реформите, ќе направат Македонија да има мала, но моќна армија, способна да се грижи за одбраната на земјата и да даде свој придонес во операциите предводени од НАТО.

Но, успехот може да дојде само ако се постигнат резултати во целокупниот процес на реформи во Македонија. Охридскиот договор и заложбата за мултиетничко општество ја поставија основата за стабилност и економско закрепнување, што е потребен предуслов за успешни одбранбени реформи кои водат кон членство во НАТО. За успех е потребна визија и имагинација.

Како што страстите од 2001 година се смируваат, ние сѐ повеќе ја делиме заедничката визија, и тоа нѐ носи поблиску до денот кога Македонија ќе го заземе своето место во Советот на НАТО.

NATO SECRETARY GENERAL GEORGE ROBERTSON

# Lasting friendships

*It is a great pleasure to have been asked to write the foreword to this magazine. In my time at NATO it has been one of my most satisfying tasks to play a part in helping you overcome the crisis of 2001, and to build better relations between the Alliance and your country. It has been said that the best friendships are those which are forged in hardship, and that is certainly the case with NATO and FYROM.*

*Looking at relations now, it is easy to forget that only two years ago NATO was the target of criticism and even hostility. Yet even then, amidst so much confusion and tragedy, it was clear that we all realised that it was only by working together that FYROM would overcome its crisis.*

*Those were times of bitterness and chaos when it would have been easy to give in to the strong emotions created by conflict. But both the leaders and the citizens of FYROM rose above the passions and refused to make the same mistakes as so many of their neighbours. Instead of civil war and division, FYROM chose a better way of compromise and peace. Throughout that period, even though hard words were often exchanged, NATO and the government worked together. Our relationship has been forged by fire, making it strong and durable.*



*Today there are new challenges to be faced and overcome. The 2001 crisis required fast-thinking, courage and boldness, but now different qualities are needed to succeed over the long-haul in readying FYROM to take its rightful place within NATO and the EU. That challenge will be as hard in its own way as overcoming the crisis, requiring determination, resolution and organisation.*

*The partnership between NATO and FYROM must therefore move onto a different, more mature level. However, it is already obvious that the friendships created between NATO and the FYROM Ministry of Defence are a solid basis for doing so. But no-one should pretend it will be easy or quick. The legacy of Yugoslavia was old equipment, redundant strategies and tactics, and old ways of thinking based upon an authoritarian system. When it appeared that you were close to overcoming these problems, the 2001 crisis ruined years of progress.*

*I can understand the frustration of the government and people at missing out on the last round of enlargement. But that is now the past, and our partnership is now looking to the future.*

*It should also be remembered that in many ways the very process of preparing for NATO membership is hugely valuable in itself. Whether a member of NATO or not, FYROM would still need to carry out the kind of reforms and restructuring it is now undergoing. The difference is that, instead of having to act alone, the FYROM military can receive advice and help at every step. NATO draws its strength from all its members being able to contribute. In that sense, membership of NATO is like being in a football team where no-one, however talented, can perform at their best unless everyone on the pitch is contributing. For you, this means that major reforms are still needed, because with a small economy you cannot afford inefficiencies or the wrong equipment. For instance, in the new strategic environment, much of the heavy armour is simply redundant. It may seem strange to dispose of equipment that still works, but the manpower and spare parts needed to keep it going makes running it on a false economy.*

*These are difficult and painful decisions. Nevertheless, there is no choice if FYROM is to achieve its potential and fulfil its ambitions. The MoD leadership knows what needs to be done, and is determined to do it. We are determined to help.*

*No other country in the EAPC or MAP has so many people working directly to help. Now that the EU has taken on Operation Concordia, NATO's effort has moved from coping with short-term security problems to advising on the long-term reforms. Experienced soldiers like Major General Manzano and Brigadier Baxter are now advising on reforms that will give FYROM a small but potent army able to provide its own defence, and to contribute to NATO-led operations.*

*But success can only come from success in the overall reform process within FYROM. The Ohrid agreement and the commitment to a multiethnic society has laid the basis for stability and economic recovery, which is the necessary precondition for the successful defence reforms that will lead to NATO membership. Success will require vision and imagination.*

*As the passions of 2001 cool, we more and more share in a common vision, and that steadily brings closer the day when FYROM will take its seat at the North Atlantic Council.*











# Република Македонија и НАТО





Република Македонија не отстапува од стратегиската определба за полноправно членство во НАТО и за евроинтеграција.

Идниот развој на системот за одбрана и вооружените сили на Р. Македонија ќе се раководи од изразот на севкупната национална безбедност и активности на Владата и претседателот на државата базирани на националните приоритети на надворешната политика и законите по националните интереси.

Република Македонија ќе се фокусира во развивањето на способностите на земјата за активен придонес во колективната безбедност и учество во мировните мисии предводени од Алијансата. Едновремено, Република Македонија изразува поддршка на развојот на Европскиот безбедносно одбранбен проект во рамките на Алијансата.

Оперативните чекори во глобалните активности што Република Македонија ќе ги преземе во однос на регионалната и внатрешната безбедност се:

▪ развој на Национална безбедносна стратегија, во која ќе се дефинираат загрозувањата;

▪ активно вклучување на РМ во антитерористичката коалиција и соодветна обука на институциите на системот и антитеротистичките сили;

▪ идентификација на областите каде што РМ може да направи релевантно учество во одбранбените способности на Алијансата и регионот;

▪ Подобра координација меѓу разузнавачките служби и подобрени врски помеѓу разузнувачките служби и службите за спроведување на законот;

▪ имплементација на принципот на владеење на правото во Република Македонија;

▪ реформи во полицијата и етаблирање на принципот на професионалност и компетентност;

▪ разработка на антикорупциска стратегија и кампања.



Регионалните активности на Република Македонија ќе се базираат врз промоција на принципите на добрососедство, стабилност и безбедносна соработка, притоа адресирајќи ги регионалните безбедносни предизвици и предлагајќи инструменти за справување со истите во стратегиското опкружување. Оперативните чекори во регионалните активности што Република Македонија ќе ги преземе во однос на унапредување на мирот, безбедноста и стабилноста во регионот се:

▪ унапредување на механизмите за соработка како што се НАТО - иницијативата за Југоисточна Европа – СЕЕИ, Југоисточниот процес за кооперација – СЕЕЦП и Состанок на министрите на Југоисточна Европа – СЕДМ;

▪ промовирање на можноста за активно ангажирање на СЕЕБРИГ во мировни операции;

▪ исполнување на обврските што произлегуваат од препораките на ОБСЕ, а се во врска со демократизација и унапредување на човековите права и безбедноста во регионот;

▪ имплементирање на мерките за доверба од кои се очекуваат позитивни одрази во регионот;

▪ имплементација на проектот за гранично обезбедување и интегрирано гранично управување со помош на НАТО, ЕУ и ОБСЕ;

▪ Подобрена соработка со Албанија и КФОР и УНМИК по прашања на границата.

▪ спроведување на акција за собирање на нелегално поседуваното оружје.

Оперативните чекори во рамките на внатрешните иницијативи се содржани во приоритетите на Годишната национална програма за подготовки на РМ за членство во НАТО ги опфаќа следните аспекти:

– Развој на мала, НАТО компатибилна, базирана врз можностите и ефективна одбранбена воена структура, согласно ресурсите на државата;

– Ослободување од неефективната техника и донесување конзистентен план за модернизација на оружјето и опремата;

– Искористување на погодностите на Законот за служба во АРМ за развој на персоналниот менаџмент, кој ќе подразбира репрезентативно вклучување на заедниците во АРМ и продолжување на професионализацијата на АРМ за сметка на учеството на регрутните обврзници;

– Развој на современ систем за планирање, програмирање и буџетирање како приоритет за развој на системот за одбрана и изградба на вооружените сили;

– Нашата земја продолжува да се придржува кон стратегиските приоритети важни и за пост-Прага периодот кои што служат како водич за сите планови, програми, активности, развој, модернизација и опремување во сферата на одбраната што ќе обезбедат наше полноправно членство во НАТО.

# Republic of Macedonia and NATO

The Republic of Macedonia does not step aside from the strategic determination for full-time NATO membership and Euro-integration.

The future development of the defence system and the armed forces of the Republic of Macedonia would be guided by the manifestation of the overall national security and the activities of the Government and the President of the state, based on the national priorities of the foreign policy and the threats on the national interests.

The Republic of Macedonia would focus on the development of the capabilities of the country for an active contribution in the collective security, and on the participation in the peace missions led by the Alliance. At the same time, the Republic of Macedonia expresses support for the development of the European security –defence project within the frames of the Alliance.

The operational steps in the global activities that the Republic of Macedonia would undertake regarding the regional and internal security are:

- Development of the National Security Strategy, in which the threats would be defined;
- Active participation of the Republic of Macedonia in the antiterrorist coalition and proper training of the institutions of the system and the antiterrorist forces;
- Identifying of the areas where the Republic of Macedonia could make a relevant contribution in the defence capabilities of the Alliance and the region;
- Improved coordination between the intelligence sectors and improved relations between the intelligence sectors and the departments for conducting the law;
- Implementation of the principle of the governing of the law in the Republic of Macedonia
- Police reforms and establishing of the principle of professionalism and competency;
- Developing of an anticorruption strategy and campaign.

The regional_activities of the Republic of Macedonia would be based on the promotion of the principles of good neighbourly relations, stability and security cooperation, at the same time addressing to the regional security challenges and suggesting instruments for their management in the strategic surrounding.

The operative steps in the regional activities, which the Republic of Macedonia would undertake regarding the improving of the peace, security and the stability of the region, are:

- Improving if the mechanisms for cooperation such as NATO – South Eastern Europe Initiative – SEEI, South Eastern Europe Cooperation Process – SEECP and South Eastern Europe Defence Ministerial – SEEDM.
- Promoting of the possibility for active engagement of SEEBRIG in peace operations;
- Fulfilling of the responsibilities which emerge from the OSCE recommendations, regarding the democratization and improvement of the human rights and the security of the region;
- Implementation of the confidence building measures, from which are expected positive reflections in the region;
- Implementation of the border security project and integrated border management with the NATO, EU, and OSCE assistance;
- Improved cooperation with Albania, KFOR and UNMIK regarding the border issues;
- Conducting of an operation for collecting of the illegally-owned weaponry;

The operative steps within the framework of the internal initiatives are consisted in the priorities of the Annual National Program for the preparations of the Republic of Macedonia for NATO membership, and they cover the following aspects:

– Development of a small, NATO-compatible, efficient, military-defence structure, based on the capabilities and resources of the country;

– Disposing of the inefficient technique and at the same time conveying a consistent plan for modernization of the weaponry and the equipment;

– Usage of the conveniences of the Army Service Law for development of the personal management, which means representative inclusion of the ethnical communities in the ARM; continuing with the professionalization of the ARM at the expence of the conscript's participation;

– Development of a modern system for planning, programming and budgeting as a priority for the development of the defence system and building of the armed forces;

– Our country continues to comply with the strategic priorities important for the after-Prague period, which serve as a guideline for all the plans, programs, activities, development, modernization and equipping in the field of defence, and which would enable our full-time NATO membership.







# Патот до НАТО











▶ **23 декември 1993 година** - Собранието на Република Македонија донесе одлука за зачленување на Република Македонија во НАТО;

▶ **15. ноември 1995 година** - Република Македонија како 27-ма земја членка пристапува кон Програмата партнерство за мир - ПзМ. Станува членка на Северноатлантскиот совет за соработка (учесници: земјите членки на НАТО и земјите потписнички на ПзМ, кој е заменет со Евроатлантскиот партнерски совет – ЕАПС, на 30. мај 1997 година). Треба да се забележи дека пристапувањето кон ПзМ беше условено со претходно членство во ОБСЕ, кое пак честопати беше блокирано поради наметнатиот проблем со нејзиниот јужен сосед;

▶ **19. и 22. декември 1995 година** - Договор РМ-НАТО за транзит на силите на ИФОР/СФОР низ територијата на Република Македонија. Договорот беше продолжен на 18. и 26. декември 1996 година;

▶ **17. и 19. јануари 1996 година** - извршена е размена на писма со кои е склучена Спогодбата за безбедносни аранжмани меѓу РМ и НАТО;

▶ **1 февруари 1996** - Советот за безбедност на ООН го прифати предлогот на генералниот секретар на ООН од овој датум силите за превентивно распоредување на ОН – УНПРЕДЕП да станат целосно независна операција во Р. Македонија.

▶ **12. април 1996 година** - Владата на РМ, ги прифати Правилата за однесување на НАТО;

▶ **24. април 1996 година** - Владата на РМ донесе одлука за основање „Служба за реципрочна безбедност и заштита на информациите меѓу Владата на РМ и НАТО";

▶ **12. мај 1996 година** - во Брисел на свечената седница на Северноатлантскиот совет на НАТО и РМ, беше обострано прифатена Индивидуалната програма на РМ во рамки на ПзМ за 1996 - 1998 година;

▶ **30. мај 1996 година** - склучен е Договорот меѓу државите страни на НАТО и другите држави учеснички во ПзМ во врска со Статусот на нивните сили (СОФА) и Дополнителниот протокол на Договорот. Ратификувани на 4 јуни 1996 година. Присутните (94) пратеници во Собранието на РМ, едногласно го донесоа Законот за ратификаација на Договорот, а уредување на статусот на силите на земјите членки на Северноатлантската одбранбена алијанса и ПзМ. Договорот стапи во сила на 19. јули 1996 година;

▶ **14. јуни 1996** – Во Брисел, во седиштето на НАТО, отворена е македонска канцеларија за врски;

▶ **15. до 20. јули 1996 година** - РМ учествуваше на заедничката вежба „Миротворен орел 96" на земјите членки на НАТО (7) и земјите членки на ПзМ, што се одржа во Албанија (Бизе);

▶ **Јули и септември 1996 година** – РМ одржа два индивидуални политички дијалози со НАТО (16+1). Во текот на дијалозите беа презентирани и се дискутираа македонските документи за дискусија; Во првиот документ беа истакнати македонските погледи кон целите и принципите на Студијата при што беше констатирано дека Студијата во целост е прифатлива за РМ и истите во голем дел веќе се имплементирани и во практиката на нашата внатрешна и надворешна политика; Вториот презентациски документ претставува извештај за воените потенцијали на РМ и можниот македонски придонес во колективната одбрана на Алијансата;

▶ **21. до 26. октомври 1996 година** - Во Охрид се одржа првиот дел на мултинационалната командно-штабна вежба „Спасител 96", на која учествуваа 9 земји, членки на НАТО и ПзМ;

▶ **24. до 26. октомври 1996 година** - Во посета на РМ претстојуваше Претседателот на Северноатлантското собрание, Карстен Фогт. Тој ги поздрави нашите остварувања и вети дека Северноатлантското собрание ќе придонесе во залагањата за подобра соработка и интеграција;

▶ **Декември 1996 година** - Доставување на „Прегледот на севкупната интероперативност за 1997 година";

▶ **15. до 18. јануари 1997 година** - РМ е официјално примена во Комитетот за воено планирање и анализа, што претставува висок степен во соработката со Северноатлантскиот воен сојуз;

▶ **17. март 1997 година** - Во Скопје се одржаа консултации РМ-НАТО за Процесто на преглед и планирање – ПАРП. Делегацијата на НАТО беше предводена од Франк Боланд, началник на отсекот за планирање на силите на НАТО и одговорен за спроведување на ПАРП во земјите партнери;

▶ **24 март 1997** - Во Скопје започна Главната конференција на првата мултинационална вежба што се одржа во Република Македонија од 11 до 17 мај 1997 година – „Спасител '97";

▶ **24. и 25. март 1997 година** - Официјална посета на Република Македонија од страна на Генералниот секретар на НАТО Х. Солана во придружба на Врховниот командант за Европа, Џорџ Џулван;

▶ **12 – 16 мај 1997**. - На воениот полигон Пепелиште, кај Неготино, е одржана мултинационалната воена вежба „Спасител '97", прва од ваков вид организирана на територијата на Република Македонија;

▶ **16. април 1997 година** - во Брисел Република Македонија е примена во процесот на ПАРП;

▶ **17. април 1997 година** - се одржа третиот по ред Индивидуален интензивиран дијалог РМ-НАТО по Студијата за проширувањето на НАТО;

▶ **12. до 16. мај 1997 година** - на армискиот полигон „Криволак" се одржа првата меѓународна вежба во рамките на програмата на ПзМ „Спасител 97";

▶ **22 – 31 август 1997**. - Во Пепелиште се оддржа билатералната „Медицинска вежба '97-2";

▶ **19. мај 1998 година** - прелет на авиони на НАТО од типот на AWACS, во рамките на мисијата на ПзМ;

# The road to NATO

▶ **December 23, 1993** - The Assembly of the Republic of Macedonia passed a decision for the adherence of the Republic of Macedonia in NATO;

▶ **November 15, 1995** - The Republic of Macedonia joined the Partnership for Peace Program – PfP as the 27th country-member. It became a member of the North Atlantic Cooperation Council (participants: NATO member-countries and the PfP signatory countries, which was substituted with the Euro Atlantic Partnership Council – EAPC on May 30, 1997). It should be noted that the joining in the PfP was preconditioned by a prior OSCE membership, which was at times blocked because of the imposed problem with its southern neighbour.

▶ **December 19 and 22, 1995** - The Agreement between the Republic of Macedonia-NATO for transit of the IFOR/SFOR forces through the territory of the Republic of Macedonia. The Agreement was renewed on the December 18 and 26, 1996;

▶ **February 1, 1996** - The Security Council of the UNO accepted the proposal of the UNO Secretary General for a preventive deployment of the UN –UNPREDEP forces to become a completely independent operation in the Republic of Macedonia from this date.

▶ **January 17 and 19, 1996** - The Agreement for the security arrangements was made between NATO and the Republic of Macedonia by the exchange of letters

▶ **April 12, 1996** - The Government of the Republic of Macedonia accepted the Rules for the NATO conduct;

▶ **April 24, 1996** - The Government of the Republic of Macedonia passed a decision for establishing a „Department for reciprocal security and protection of the information between the Government of the Republic of Macedonia and NATO";



▶ **May 12, 1996** - At the ceremonial Session of the NATO North Atlantic Council and the Republic of Macedonia in Brussels, the Republic of Macedonia's PfP Individual Program for 1996-1998 was reciprocally accepted;

▶ **May 30, 1996** –An Agreement between the states of the North Atlantic Treaty and the other states participating in the Partnership for Peace was signed, regarding the status of their forces (SOFA) and the Additional Protocol to the Agreement. Both have been ratified on June 4, 1996. The (94) parliamentarians who were at that time present in the Republic of Macedonia's Assembly unanimously passed the Law for ratification of the Agreement for establishing of the status of the forces of the countries-members of the North Atlantic Alliance and the PfP. The Agreement entered into force on July 19, 1996;

▶ **June 14, 1996** - A Macedonian liaison office was opened in the NATO HQ in Brussels.

▶ **July 15-20, 1996** - The Republic of Macedonia participated in a joint military exercise of the seven NATO member-countries and PfP countries „Peaceful Eagle '96", held in Bize, Albania;

▶ **July and September 1996** - The Republic of Macedonia had two individual political dialogues with NATO (16+1). During these dialogues, the Macedonian documents for discussion were presented. In the first document were pointed the Macedonian views regarding the goals and the principles of the Study, and it was concluded that the Study is entirely acceptable for the Republic of Macedonia because most of the stated principles are compatible with the interests and the priorities of the Republic of Macedonia and part of them are already implemented in the practice of the internal and foreign policy of the country. The second presented document is a report on the Republic of Macedonia's military potentials and the possible Macedonian contribution in the Alliance's collective defence;

▶ **October 21-26, 1996** - „Rescuer '96" in which nine NATO and PfP member countries took part, was held in Ohrid.

▶ **October 24-26, 1996** - The President of the North Atlantic Assembly (NAA), Karsten Fogt visited the Republic of Macedonia. He welcomed our accomplishments and promised that the NAA would contribute to the efforts for improved cooperation and integration;

▶ **December 1996** - delivering of the „Review of the overall interoperativity for 1997";

▶ **January 15-18, 1997** - The Republic of Macedonia has been officially accepted in the Military Planning and Analysis Committee, which represents a high level in the cooperation with the North Atlantic Military Committee;

▶ **March 17, 1997** - The Republic of Macedonia-NATO consultations were held in Skopje regarding the Planning and Review Process – PARP. The NATO delegation was led by Frank Bowland, NATO Head of the Department for forces planning, responsible for the carrying out of the PARP in the Partnership countries;

▶ **March 24, 1997** - In Skopje started the Main Conference of the first multinational exercise „Rescuer '97" which was held in the Republic of Macedonia from May 11, 1997 until May 17, 1997;

▶ **March 24 and 25, 1997** - Official visit to the Republic of Macedonia of the NATO Secretary General Xavier Solana, accompanied by the Commander-in-Chief for Europe, George A. Joulwan;

▶ **April 16, 1997** - In Brussels, the Republic of Macedonia was accepted in the PARP;

▶ **April 17,1997** -The 3rd Individual intensified Republic of Macedonia-NATO dialogue was held after the Study for the NATO enlargement;

▶ **May 12-16, 1997** - The multinational exercise „Rescuer '97" was held in the Krivolak Training Area within the framework of the PfP Program;





















▶ **28. мај 1998 година** - НАТО ја одобри програмата на активности во рамките на ПзМ, вклучувајќи ги и вежбовните активности наменети за зајакнување на безбедноста и стабилноста за време на тековната криза во Косово;

▶ **15 јуни 1998** – Во Република Македонија беше изведена воздушната вежба на НАТО „Решителен сокол", со учество на 79 авиони. На вежбата учествуваа и припадници на единицата за специјални намени „Волци";

▶ **11-18 септември 1998**. - На полигонот „Криволак" се одржа мултинационалната вежба „Најдобар кооперативен зафат '98" со учество на 26 земји, од што 13 земји членки на НАТО и исто толку на ПзМ;

▶ **2 декември 1998** - Владата на РМ донесе одлука за доаѓање на НАТО силите во Република Македонија во функција за извлекување на верификационата мисија на НАТО во Косово.

▶ **10. декември 1998 година** - Со пуштањето во работа на Командниот центар во Куманово, НАТО и официјално ја активира спасувачката единица за верификувачката мисија на ОБСЕ во Косово;

▶ **04. април 1999 година** - Македонија дава согласност за изградба на кампови за згрижување на околу 100.000 бегалци од Косово и ја отвора границата за премин на бегалците од граничните премини до камповите изградени во близина на Скопје. Единици од АФОР (НАТО хуманитарен контигент во Албанија) земаат учество во функционирањето на 7-те кампови и на 1-от транзитен камп во Македонија;

▶ **9. јуни 1999 година** - Северноатлантскиот совет на НАТО на својата седница на амбасадорско ниво, го одобри ажурираниот план за распоредување на сили од составот на КФОР во Македонија (Joint Guard). Делегација од НАТО и од Сојузна Република Југославија во Република Македонија во Куманово, потпишаа спогодба за повлекување на југословенските/српските сили од Косово;

▶ **16. јуни 2000** - Основана е Првата гранична бригада на Армијата на Република Македонија.

▶ **25. јули 2000 година** - Врховниот командант на сојузничките сили на Европа, генералот Џозеф Ралстон, упати пофалби до силите на КФОР стационирани во Република Македонија за постигнатите успеси во нивната работа;

▶ **16. октомври 2000.** – Врховниот командант на вооружените сили и претседател на РМ, Борис Трајковски ѝ го предаде военото знаме на Првата пешадиска бригада од силите за брзи реакции од Првиот корпус на АРМ. Со тоа е промовирана почетната оперативна готовност на бригадата;

▶ **19. декември 2000** - Во Скопје, во Воената академија на РМ, беа промовирани првите подофицери за основни командирски должности за пешадискиот род на АРМ, школувани според стандардите на НАТО;

▶ **29. јуни 2001 година** - Северноатлантскиот совет на НАТО го одобрува Планот со кој во Република Македонија ќе се распоредат 3000 војници за разоружување на т.н. ОНА, но по објавувањето и одржувањето на траен прекин на огнот;

▶ **13 август 2001**. – Претседателот на РМ Борис Трајковски, и лидерите на ВМРО-ДПМНЕ – Љубчо Георгиевски, на СДСМ – Бранко Црвенковски, на ДПА – Арбен Џафери и на ПДП – Имер Имери, го потпишаа Рамковниот договор за разрешување на политичката и безбедносната криза во земјата. Согласно со договорот, следеше мисијата „Жетва", а потоа и мисијата на „Килибарните лисици" во нашата земја.

▶ **15. август 2001 година** - Северноатланскиот совет на НАТО донесува прелиминарна одлука за упатување на 3.500 војници во Македонија. Првите војници на НАТО (16 падобранци припадници на вооружените сили на Чешката Република) пристигнаа на Скопскиот аеродром на 17. август 2001 година;

▶ **22. август 2001 година** - Северноатланскиот совет на НАТО и официјално ја одобрува мисијата на НАТО во Република Македонија за разоружување на припадниците на т.н. ОНА – „Неопходна жетва";

▶ **27. август 2001 година** - Единиците на НАТО во Република Македонија ја започнаа својата мисија за собирање на оружјето од т.н. ОНА. Операцијата заврши на 26. септември 2001 година;

▶ **27. септември 2001 година** - Владата на Република Македонија и НАТО постигнаа согласнот за новата мисија на НАТО во Македонија – ангажирање на



околу 1000 војници со Германија како водечка земја со мандат од 3 месеци;

▶ **3. декември 2001 година** - Претседателот Трајковски побара од Алијансата продолжување на военото присуство за уште 3 месеци. НАТО на 7. декември 2002 година, донесе одлука за продолжување на мисијата до 26. март 2002 година;

▶ **25. март до 1 април 2003** - На воениот полигон „Криволак"се оддржа мировната вежба „Соседски зафат 2003" со учество на единици од Република Македонија и од Република Албанија. Заедничките вежби и тренинзи треба да придонесат за побрзо постигнување целосна компатибилност на обуката со НАТО-стандардите.

▶ **August 22-31, 1997** - The bilateral exercise „Medcuer '97“ was held in Pepelishte.

▶ **May 19, 1998** - Flights of the NATO Anzacs aircrafts, within the framework of the PfP Mission;

▶ **May 28, 1998** - NATO has approved the program of the activities within the PfP framework, including the training activities with the purpose of reinforcing of the security and stability during the crisis in Kosovo;

▶ **June 15, 1998** - In the Republic of Macedonia was conducted the NATO air exercise „Decisive Hawk“ with participation of 79 aircrafts. Members of the Special Forces unit „Wolves“ took part in the exercise as well;

▶ **September 11-18, 1998** - On the „Krivolak“ Training Area was held the multinational exercise „Co-operative Best Effort '98“ with participation of 26 countries, 13 NATO member countries, and 13 PfP countries;

▶ **December 2, 1998** - The Government of Republic of Macedonia brought a decision for the arrival of the NATO forces in Republic of Macedonia whose function was withdrawal of the NATO verification mission in Kosovo;

▶ **December 10, 1998** – With the starting of the function of the Kumanovo Commanding Center, NATO officially activated the rescue unit for the OSCE verifying mission in Kosovo;

▶ **April 4, 1999** – Macedonia gave its approval for building of the refugee camps for nearly 100 000 Kosovo refugees, and opened its borderline for the crossing of the refugees to the camps build near Skopje. AFOR units (NATO humanitarian contingent in Albania) took part in the functioning of the 7 camps and 1 transit camp in Macedonia;



▶ **June 9, 1999** - The NATO North Atlantic Council on its Assembly on the ambassador level approved the updated plan for deployment of the KFOR forces in Macedonia (Joint Guard). The delegations from NATO and the Federal Republic of Yugoslavia signed an Agreement for withdrawal of the Yugoslav/Serbian forces from Kosovo, in Kumanovo, Republic of Macedonia.

▶ **June 16, 2000** - The First Border Brigade of the Army of the Republic of Macedonia was formed;

▶ **October 16, 2000** - The Commander-in-Chief of the Armed Forces and President of the Republic of Macedonia, Boris Trajkovski, handed the military flag of the First Infantry Brigade from the rapid reaction forces of the First Army Corps. With this act the primary operative readiness of the Brigade was promoted.

▶ **December 19, 2000** - In Skopje, at the Republic of Macedonia Military Academy, were promoted the first non-commissioned officers for commanding duties in the infantry branch of the Army of the Republic of Macedonia, educated according to the NATO standards.

▶ **June 29, 2001** - The NATO North Atlantic Council approved the Plan for deployment of 3,000 soldiers on the territory of the Republic of Macedonia for disarming of the so-called NLA, right after the announcement and retaining of the permanent ceasefire;

▶ **July 25, 2001** – NATO succeeded in its efforts to overcome the dispute between the Government of the Republic of Macedonia and the so-called NLA for withdrawal of the members of the NLA from the occupied regions in Tetovo, conquered after the proclamation of the cease of fire from July 5, 2001;

▶ **August 15, 2001** – The NATO North Atlantic Council passed a preliminary decision for sending 3,500 soldiers in Macedonia. The first NATO soldiers (16 parachutists from the Check Republic's armed forces) arrived at the Skopje airport on August 17, 2001;

▶ **August 22, 20001** –The NATO North Atlantic Council officially approved the NATO mission in the Republic of Macedonia „Essential Harvest“ for disarming of the so-called NLA;

▶ **August 13, 2001** - The President of RM, Boris Trajkovski, and the leaders of VMRO-DPMNE - Ljubco Georgievski, SDSM - Branko Crvenkovski, DPA – Arben Dzaferi and PDP - Imer Imeri, signed the Framework Agreement for resolving of the political and security crisis in the country. According to the Agreement, two missions were engaged in our country, first the „Essential Harvest“, and afterwards the „Amber Fox“" mission.

▶ **August 27, 2001** - NATO units in the Republic of Macedonia started their mission for collecting of the weapons from the so-called NLA. The operation ended on September 26, 2001;

▶ **September 27, 2001** - The Government of the Republic of Macedonia and NATO came to an agreement for the new NATO mission in Macedonia with the engagement of approximately 1,000 soldiers with a three-month mandate, and Germany as a leader nation;

▶ **December 3, 2001** - The President Trajkovski demanded from the Alliance a continuation of the military presence for another three months. On December 7, 2001, NATO brought a decision for the continuation of the mission until March 26, 2002;

▶ **March 25-April 1, 2003** - At the Krivolak Training Area was held the peace exercise „Neighbours 'effort 2003“ with the participation of the units from the Republic of Macedonia and the Republic of Albania. The joint exercises and trainings should contribute to the quicker acquiring of a complete compatibility of the training with the NATO standards.











# Годишна национална програма за членство во НАТО 2003 – 2004









**1. Безбедносна политика**

Суштинските елементи на безбедносната политика на РМ произлегуваат од прифатениот широк приод кон безбедноста, зацртан во Стратегискиот концепт на Алијансата и во Националната концепција за безбедност и одбрана (Концептот) на Македонија, донесена во Парламентот, во мај 2003 година.

Овој Концепт содржи неколку клучни политички одлуки:

– Република Македонија и понатаму смета дека нејзината најдобра безбедносна опција е полноправно членство во НАТО и затоа сите планови ги базира на евентуалното членство во Алијансата. Меѓутоа, при планирањето на својата иднина, Република Македонија е свесна дека со членството и пристапот до колективните безбедносни гаранции кои ги дава Алијансата одат и одговорности и обврски.

– реализација на програма за сеопфатна ревизија на одбранбениот сектор, преку водење на владин стратегиски одбранбен преглед и имплементацијата на предвидените наоди кои најверојатно ќе предизвикаат редукции, ќе придонесат кон постигнувањето на целите на безбедносната политика.

– оцената за отсуство на конвенционални закани кон Македонија и сè почестата присутност на неконвенционални и глобални асиметрични закани ја зајакнува определбата за регионален ангажман како и за ангажман во контекст на Алијансата.

– определбата на Република Македонија за развој на поцврсти регионални одбранбени и безбедносни односи кои ја ценат заедничката цел за членство во НАТО и имплементирање на вредностите на западната цивилизација.

– воспоставување на процедури за кризен менаџмент кои ќе ги координираат активностите на министерствата и агенциите во безбедносниот сектор.

Клучните политички одлуки за безбедносната политика обезбедуваат единствена визија, самоодржлива стабилност базирана на демократско и ефективно владеење, кое понатаму води кон евроатлантските интеграции и конечно, кон полноправно членство во НАТО и ЕУ.

За реализација на оваа заложба ќе придонесе и скорешното собраниско усвојување на Законот за кризен менаџмент.

**2. Одбранбена политика**

Одбранбената политика на Република Македонија е изразена во политичката рамка на СОП. Овој документ беше одобрен од Владата во октомври 2003 година, и е во целосна согласност со Концептот.

Со заокружување на Стратегискиот одбранбен преглед, односно завршување на сите три негови фази заклучно со февруари 2004 година, ќе се направи целосен преглед на македонскиот одбранбен сектор.

Документот на политичката рамка, како дел од процесот на СОП, им служи на безбедносните потреби и барања на Република Македонија. Документот е изработен на транспарентен начин, дистрибуиран до сите владини и невладини институции кои се занимаваат со прашања од областа на обраната и безбедноста, и истиот е достапен на Интернет-страниците на МО и на МНР.

Меѓутоа, СОП оди и подалеку од обичен политички документ и вклучува и детални менаџерски насоки и ограничувања на следните фази за определување на структурата на силите која е во тек. Содржината на Документот (политичката рамка) се базира врз целосна проекција и проценa на можните закани и како таква е веќе разгледувана и дискутирана во седиштето на НАТО.

Согласно на политичката рамка на СОП, Република Македонија во дефинирањето на одбранбените мисии се води од неколку принципи:



– напуштање на концептот на територијалната одбрана и армија структуирана и опремена против конвенционални закани;

– создавање на армија која е употреблива и за операции на Алијансата и за операции за македонската безбедност;

– распоредливост/одржливост на силите;

– јасно дефинирана улога на армијата во поддршка на цивилните власти;

Република Македонија е свесна дека финасиската одржливост и реализмот се фундамент за јак безбедносен сектор.

Согласно на политичката рамка, примарните задачи на вооружените сили и натаму ќе останат одбрана на територијалниот интегритет и независноста на Републиката, но и соодветно учество за поддршка на колективната безбедност и одбрана во глобалната борба против тероризмот и модерните извори на загрозување.

Република Македонија антиципира неколку клучни резултати од СОП:

– АРМ да биде помала, полесна и пофлексибилна, со нагласена стратешка распоредливост и мобилност воопшто;

# Annual National Programme for NATO Membership 2003 – 2004

**1. Security Policy**

The essential elements of the Republic of Macedonia's security policy arise from the wide NATO approach to security, outlined in the Alliance's Strategic Concept, and the Macedonia's National Security and Defence Concept (NSADC) adopted by the Parliament in May 2003.

This Concept comprises several key policy decisions:

– Republic of Macedonia continues to think that its best security option is full-time NATO membership. Therefore, all defence plans of Republic of Macedonia are based on its eventual membership in the Alliance. However, in planning for the future, Republic of Macedonia is aware that membership in the Alliance and the access to its collective security guarantees also entails responsibilities and obligations.



– Realisation of a programme for comprehensive defence sector review in a form of a Government strategic review, and the implementation of the anticipated findings that will most probably cause reductions, will contribute to the achievement of the security policy goals.

– The assessment that there are no conventional threats against Macedonia and the prevalent global and non-conventional asymmetrical threats has strengthened Macedonia's commitment to regional engagement and engagement in the context of the Alliance.

– Republic of Macedonia's commitment to develop stronger regional defence and security relations that recognise the mutual goal for NATO membership and implementation of Western civilisation values.

– Establishment of a crisis management procedure that will coordinate activities of ministries and agencies in the security sector.

The key security policy decisions comprise a unique vision of self-sustained stability and democratic environment, which will lead Macedonia closer to the European and Euro-Atlantic integrations and eventually to full NATO and EU membership.

Conducive to this endeavour will also be the recent adoption by Parliament of the Law on Crisis Management.

**2. Defence Policy**

The Defence Policy of Republic of Macedonia is contained in the Policy Framework document for the SDR. This is document that was passed by the Government in October 2003 is fully coherent with the NSADC.

The process envisaged to take place in three stages and are planned to be completed by February 2004 is to comprehensively review the entire Macedonian defence sector.

The Policy Framework document, as a part of the SDR process, serves the security needs and requirements of Republic of Macedonia.

The document was developed in an entirely transparent manner, distributed to all governmental and non-governmental institutions that deal with defence and security issues, and it is also available for the public on the web pages of MOD and MFA.

However, this is more than an ordinary political document and it includes detailed management guidelines, directions and limitations for the next phases of the ongoing force structure determining. The content of the document is based on full threat assessment and has already been discussed and reviewed in NATO HQ.

According to the SDR policy framework, the Republic of Macedonia is guided by several principles in the defining of the defence missions:

– Abandoning the concept of territorial defence and army structure and equipment for conventional threats;

– Creation of armed forces usable for Alliance's operations and for operations for Macedonian security;

– Deployable/sustainable forces;

– Clearly defined role of the armed forces in support to the civilian authorities;

Republic of Macedonia recognizes that affordability and realism are fundamental for strong defence sector.

According to Policy Framework document, the defence of the territorial integrity and independence will remain the primary tasks for the armed forces, but also important is the appropriate participation in the support to collective security and defence in the global fight against terrorism and modern threats.

Republic of Macedonia anticipates several key outcomes from SDR;

– ARM will become smaller, lighter and more flexible with an emphasized strategic deployment capability and mobility in total;

– The armoured, mechanized and artillery capabilities will be reduced, but a balanced all-branches capability based on light anti-armoured systems will be kept;

– The major focus of the future contribution to NATO is to be placed on Special Operations Forces' expertise and capability;













– оклопните, механизирани и артилериски способности да се редуцираат, но да се задржи балансирана серодовска способност базирана врз лесни противоклопни системи;

– главниот акцент на идната контрибуција кон НАТО да се стави на стручноста и способноста на силите за специјални операции;

– ќе се развијат идни алтернативни специјализирани способности;

– унапредување на способностите за собирање разузнувачки податоци.

Политичка определба е и правичната и соодветна застапеност на заедниците во безбедносниот сектор, водејќи се од принципите за еднакви можности и разновидни исполнувачки кариери за сите.

Втората и третата фаза од СОП се на приоритетната агенда на МО. Согласно на Наредбата на министерот за одбрана и Програмата за реализација, заклучоците од СОП треба да резултираат во детална ревизија на постојните одбранбени планови и програми.

Временскиот распоред на втората фаза содржи:

– мисиите на МО и АРМ, воените задачи и другите неопходни планирачки претпоставки кои моментно се во фаза на дефинирање;

– треба да се изврши детална анализа, процена и ревизија на процената за потребните сили, способности, опрема и поддршка за извршување на сите воени задачи;

– треба да се даде предлог за оптимална и комплетна структура на силите, способностите, опремата и поддршката, со прецизно утврдени трошоци врз основа на извршена анализа.

**3. Приоритети на реформата 2003-2004**

При понатамошната трансформација и развој на одбранбениот сектор и АРМ треба да се земат предвид сите позиции изразени во политичката рамка, без притоа да се прекинат процесите содржани во ГНПЧ 2003-2004, особено оние во обласка на редукција на персоналот, вклучувајќи ги и внатрешните структурни односи и ослободувањето од несуштинските активности, ПАРП како и другите документи и процеси кои ги овозможуваат процесите на реструктуирање и трансформација. Сепак, тие треба истовремено и да се преоценат и да се анализираат од аспект на позициите истакнати во политичката рамка.

Приоритетите, кои одбраната и АРМ мора да ги земат предвид при заокружувањето на процесот на трансформација и изградбата на одбранбен систем и сили соодветни на сегашните и идните потреби на РМ за подобрување на својата безбедност, мирен развој и просперитет, се следните: усогласување и урамнотежување на структурата и способностите на силите со новите закани, ризици и опасности, како и на мисиите на

## Во АРМ и во Министерството за одбрана се спроведува постапка за соодветна и правична застапеност на припадниците од етничките заедници

**Компаративна застапеност на припадниците од албанската етничка заедница во МО**

| | Затекната состојба - ноември 2002 год. | Состојба - септември 2003 год. | Разлика |
|---|---|---|---|
| Договори за дело | | 32 | 32 |
| Во постапка за прием | | 21 | |

**Анализа на структурата за застапеноста на припадниците од етничките заедници во Министертвото за одбрана**

| Етнички заедници | Сосотјба од 1 септември 2003<br>Во редовен работен однос | Со договор за работа | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|
| Албанци | 32 | 4 | 36 | 2,78 |
| Срби | 23 | 1 | 24 | 1,86 |
| Власи | 9 | / | 9 | 0,7 |
| Македонци муслимани | 2 | / | 2 | 0,15 |
| Црногорци | 4 | / | 4 | 0,3 |
| Хрвати | 2 | / | 2 | 0,15 |
| Турци | 3 | 1 | 4 | 0,3 |
| Роми | 2 | / | 2 | 0,15 |
| Бошњаци | 1 | / | 1 | 0,08 |
| ВКУПНО | 78 | 6 | 84 | |

**Преглед на бројот на припадниците на албанската заедница во АРМ**

| Етнички заедници | Офицери | | Подофицери | | Професионални војници | | Цивилни лица | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Процент | Број | Процент | Број | Процент | Број | Процент | Број | Процент |
| Припадници на албанската зедница во ноември 2002 г. | 45 | 2,67 | 105 | 6,19 | 68 | 2,24 | 23 | 1,35 | 241 | 2,97 |
| Вкупно во АРМ во 2002 | 1686 | | 1695 | | 3031 | | 1703 | | 8115 | |
| Припадници на албанската заедница на 5.11. 2003 | 73 | 4,14 | 293 | 13,40 | 219 | 6,95 | 26 | 1,50 | 611 | 7,00 |
| **Вкупно во АРМ во 2003** | **1764** | | 2186 | | 3153 | | 1734 | | 8837 | |

5 ноември 2003 год.

**Планиран прилив на припадници од албанската зедница во АРМ до 2007 година**

| | Офицери | | Подофицери | | Професионални војници | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Состојби | Прилив | Состојби | Прилив | Состојби | Прилив |
| 2004 | 101 | 28 | 276 | 90 | 267 | 200 |
| 2005 | 129 | 28 | 366 | 90 | 467 | 200 |
| 2006 | 157 | 28 | 456 | 90 | 667 | 200 |
| 2007 | 185 | 28 | 546 | 90 | 867 | 200 |
| ВКУПНО | **185** | | **546** | | **1067** | |

– Future alternative specialized capabilities will be developed;

– The intelligence collection capabilities will be improved.

The equitable representation of the ethnicities in the defence sector is also a political commitment and it is guided by principles for equal opportunities and career for everyone.

The second and the third stage of the SDR are on the priority agenda for MOD. According to the Minister's guidelines and Programme for its realisation, the SDR conclusions will result in a detailed review of the existing defence plans and programmes.

The time schedule of the second stage is as follows:

– At the moment the missions of the MOD and the ARM, the military tasks and the other necessary planning assumptions are defined.

– A detailed analysis, assessment and reassessment of the required forces, capabilities, equipment and support for the accomplishment of each individual military task should be conducted.

– On the basis of the conducted analysis, an optimal and complete structure of forces, capabilities, equipment and support with precisely determined costs should be proposed.

**3. Priorities of the Reform Agenda 2003-2004**

In the further transformation and development of the defence sector and ARM account should be taken of all the positions expressed in the policy framework, without suspending the processes outlined in the ANP 2002/2003, especially in the area of reduction of personnel, including also the internal structural relations and the disposal of the non-essential activities, PARP and the other documents and processes that provide for the restructuring and transformation. Yet, these should be reassessed and analysed simultaneously in light of the positions established in the policy framework.

The priorities, which the defence and ARM have to take into account in completing the transformation process and building a defence system and forces adequate to the current and future needs of Republic of Macedonia towards improving its security, peaceful development and prosperity, are:

– Harmonisation and balance of the force structure and capabilities with the new threats, risks and dangers, and the missions of the defence with the projected views and requirements following a 7-10 year programme. Establishment of the tasks of the ARM and the necessary force structure and capabilities for their performance and plans for development of long-term capabilities and capacities, with forces and capabilities for special operations, with smaller reserve forces at high levels of readiness and limited reserve forces at low levels of readiness. Thus ARM should be a lighter, more





## In the ARM and the Ministry of Defence, a procedure for appropriate and right representation of the members of the ethnical communities is being conducted

**Comparative analysis of the representation of the members of the Albanian ethnical community in the Ministry of Defence**

| | Former situation November, 2003 | Situation September, 2003 | Difference |
|---|---|---|---|
| Work contracts | | 32 | 32 |
| In procedure for admission in the Ministry of Defence | | 21 | |

**Analysis of the representative structure of the members of the ethnical communities in the Ministry of Defence**

| | September 1, 2003 | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ethnical communities** | **Full-time employed** | **Work contracts** | **Total** | **%** |
| **Albanians** | 32 | 4 | 36 | 2,78 |
| **Serbs** | 23 | 1 | 24 | 1,86 |
| **Vlachs** | 9 | / | 9 | 0,7 |
| **Macedonian Muslims** | 2 | / | 2 | 0,15 |
| **Montenegrins** | 4 | / | 4 | 0,3 |
| **Croats** | 2 | / | 2 | 0,15 |
| **Turks** | 3 | 1 | 4 | 0,3 |
| **Romany** | 2 | / | 2 | 0,15 |
| **Bosnians** | 1 | / | 1 | 0,08 |
| **TOTAL** | 78 | 6 | 84 | |

**Survey Of the number of the members from the albanian ethnical community in the ARM**

| **Ethnical communities** | **Officers** | | **NCOs** | | **Professional soldiers** | | **civilians** | | **total** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | number | percentage | number | percentage | number | percentage | number | percentage | Number | percentage |
| Members of the Albanian community in November, 2002 | 45 | 2,67 | 105 | 6,19 | 68 | 2,24 | 23 | 1,35 | 241 | 2,97 |
| TOTAL in ARM in 2002 | 1686 | | 1695 | | 3031 | | 1703 | | 8115 | |
| Members of the Albanian community on November 5, 2003 | 73 | 4,14 | 293 | 13,40 | 219 | 6,95 | 26 | 1,50 | 611 | 7,00 |
| **TOTAL in ARM in 2003** | **1764** | | 2186 | | 3153 | | 1734 | | 8837 | |

November 05, 2003

**Planned influx from the members of the Albanian community in the ARM until 2007**

| | **Officers** | | **NCOs** | | **Professional soldiers** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | situation | influx | situation | influx | situation | Influx |
| 2004 | 101 | 28 | 276 | 90 | 267 | 200 |
| 2005 | 129 | 28 | 366 | 90 | 467 | 200 |
| 2006 | 157 | 28 | 456 | 90 | 667 | 200 |
| 2007 | 185 | 28 | 546 | 90 | 867 | 200 |
| TOTAL | 185 | | 546 | | 1067 | |









одбраната со проектираните погледи и потреби согласно 7-10-годишната програма. Воспоставувањето на задачите на АРМ и потребната структура и способности на силите за нивната работа и планови за развој на долгорочни способности и капацитети, со сили и способности за специјални операции, со помали резервни сили и високи нивоа на подготвеност и ограничени резервни сили со ниски нивоа на подготвеност. Затоа АРМ треба да биде полесна, помобилна, пофлексибилна, со поширок опсег на компетентност за одговори на поширок спектар на закани, ризици и опасности. Долгорочна цел треба да биде постигнувањето на целосна професионализација на мирновременскиот состав на АРМ. Во исто време треба да се развијат процедури за периодична Стратешка анализа и ревизија на структурите и капацитетите на АРМ; воведување исплатливост во одбранбениот сектор и алокација на ресурсите во рамките на одбранбениот буџет во согласност со стандардите кои постојат кај членките на НАТО, со цел да се обезбедат повеќе фондови за модернизација и развој, обука, вежби, операции и оперативни способности, подготвеност, животен стандард и реализација на овластувањата на МО; постигнување целосна интероперативност со НАТО во фазите и приоритети согласни со позициите од оваа политичка рамка, вклучувајќи ги капацитетите за операции со НАТО-силите за брза реакција, за кои есенцијална ќе биде имплементацијата на НАТО-стандарди за проценување и оперативни способности, подготвеност на персоналот, опрема, обука и расположиви ресурси; обезбедување на долгорочно и политички водено планирање на силите и капацитетите, базирано на систем на повеќегодишно планирање, програмирање и буџетирање, кое обезбедува соодветен развој на структурата на силите, нивните оперативни капацитети и оптимална употреба на малите ресурси. Ова, исто така, вклучува децентрализација на буџетските фондови кон единиците и командите (до првата половина на 2004); воспоставување структура на силите, капацитетите, методите, начините и нивоата на соработка, помош и координација во реализацијата на задачите во поддршка на цивилните власти, внатрешните сили за безбедност, операциите во областа на зачувување на мирот, хуманитарната помош и слични операции, разузнавачки активности и кризен менаџмент; подобрување и развој на стратегии во областа на образованието, обуката, оперативните капацитети, подготвеност, набавки и опрема, одржување на опремата, логистика, стандардизација и кодификација; подобрување и развој на стратегии за управување со сили (персонал) со капацитети за нивно одржување, замена, добро ниво на обука, мотивација, мобилност, професионалност, кариера, животен стандард и одржување на АРМ која ќе го одрази составот на етничките заедници во РМ;

Подобрување на еднаквата и соодветна етничка застапеност во МО и АРМ.

**4. Финансиски прашања и алокација на одбранбениот буџет**

Позициите изразени во политичката рамка и насоките имаат цел да обезбедат планирани соодветни трансформации и реформи во одбраната и АРМ. Со цел да се насочи следната фаза на СОП и да се реализира оваа политичка рамка за одбраната, МО и АРМ треба да ги прифатат следните планирачки насоки:

– одбранбениот буџет треба да остане во рамки на 2,3 - 2,6% од БДП (бруто-домашен производ). Алокацијата на ресурсите, а со тоа и дизајнирањето на структурата на силите и способностите, ќе се изврши така што до 2007 година трошоците кои се однесуваат на персоналот, вклучувајќи ја исхраната, облеката, обувките и слично, трошоците за одржување на опремата, инфраструктурата и инфраструктурните трошоци ќе се сведат во рамките на 65-70% од расположивиот буџет. Притоа, вкупните трошоци за персоналот нема да надминат повеќе од 50% од расположивиот буџет. За обука и вежби, готовност, операции и оперативни способности, опремување и модернизација, квалитет на живот, истражување и развој на опрема и инфраструктура и обезбедување реализација на надлежностите на Министерството за одбрана ќе се алоцираат 30-35% од расположивите средства, притоа уважувајќи ги пропорциите. По посебен план ќе се алоцираат средства за достигнување соодветна и правична застапеност согласно решенијата во Уставот на РМ и Рамковниот договор.



Најдоцна до крајот на оваа година треба да се комплетира проценката на задачите на АРМ, структурата на силите и опремата и посакуваните капацитети. Најдоцна до крајот на првата половина на 2004 треба да се комплетираат сите активности за целосна имплементација на системот на повеќегодишно планирање, програмирање и буџетирање и планирање на силите, финансиите и капацитетите на 5 и 10-годишна основа. Ова треба да создаде капацитети за анализа и приоритизација во согласност со околностите и опкружувањата на РМ. Во согласност со ова, треба да се создадат планови за имплементација и набавки (преку воспоставување стандарди за темелна анализа на трошоците во однос на придобивки-достигнувања и алтернативи), опрема, персонал, интероперативност, структура и капацитети, одржување (цел животен циклус), способност за регенерирање на сили и нивоа на обука. Во 2004 финансиските средства треба да се насочат кон идните сили и капацитети во согласност со новите планови. Финансирањето треба да запре за сите активности поврзани со оние области на активности, инфраструктура, опрема и оружје, кои согласно на сегашните и идните планови треба да се отстранат од одбраната и АРМ.

mobile, more flexible, with a broader scope of competencies for responses to a wider spectrum of threats, risks and dangers. A long-term objective should be the achievement of full professionalisation of the peacetime composition of the ARM. At the same time procedures should be developed for periodical strategic analysis and revision of the ARM structures and capabilities.

– Introduction of cost-effectiveness throughout the defence sector and allocation of resources within the framework of the defence budget in accordance with the standards that exist in the members of NATO for the purpose of providing more funds for modernisation and development, training, exercises, operations and operational capabilities, readiness, standard of living and realisation of the powers of the Ministry of Defence.

– Achievement of full interoperability with NATO in phases and priorities according to the positions of this policy framework, including the capability for operation with NATO



rapid reaction forces, for which implementation of NATO standards for evaluating and operational capabilities, readiness of the personnel, equipment, training and available resources will be essential.

– Providing for long term and politically driven planning of forces and capabilities, based upon the system for multi-year planning, programming and budgeting, which provides for proper development of the force structure, their operational capabilities and optimal use of scarce resources. This also entails decentralisation of the budget funds toward the units and commands; (By first half of 2004)

– Establishment of the structure of forces, capabilities, methods, manners and levels of co-operation, assistance and co-ordination in the realisation of the tasks in support to the civil authorities, the internal security forces, operations in the area of preservation of peace, humanitarian and similar operations, intelligence activities and crisis management;

– Improvement and development of strategies in the area of education, training, operational capabilities, readiness, procurement and equipment, maintenance of equipment, logistics, standardisation and codification;

– Improvement and development of strategies for force (personnel) management with capabilities for their maintenance, replacement, good level of training, motivation, mobility, professionalizm, career, standard of living, and to maintain an ARM that reflect the composition of the ethnic communities in the Republic of Macedonia.

– Improvement of the equal and adequate ethnic representation within MOD and ARM.

**4. Financial Issues and Defence Budget Allocation**

The positions expressed in the policy framework and the guidance has as a goal to provide for planned proper transformation and reform of the defence and the ARM. In order to guide the next stage of the Strategic Defence Review and to realise this policy framework for defence, the MOD and ARM are to adopt the following planning guidelines:

– The defence budget should remain within the framework of 2.3-2.6% of the GDP (Gross Domestic Product). The Allocation of resources, and thus the planning of the structure of forces and capabilities should be conducted in such a manner that by 2007 the expenses relating to personnel, including food, clothing and similar expenses for maintenance of equipment and infrastructure should be brought down to between 65-70% of the available budget. Of this the total expenses for personnel should be around 50% of the available budget. For training and exercises, readiness, operations and operational capabilities, equipment and modernisation, quality of life, research and development of equipment and infrastructure and realisation of the competencies of the Ministry of Defence, the allocation should be 30-35% of the available budget; considering these proportions, a separate plan will be developed for allocation of assets envisaged for achieving an appropriate and fair representation in conformity with the provisions of the Constitution of the Republic of Macedonia and the Framework Agreement.

– By the end of this year the latest, the assessment of the tasks of the ARM, the structure of forces and equipment and the desired capabilities should be completed. By the first half of 2004 the latest, all the activities for full implementation of the system for multi-year planning, programming and budgeting and planning for forces, funds and capabilities on a 5 and 10 year basis should be completed. This should develop capacities for analysis and prioritisation according to the circumstances and the environment of the Republic of Macedonia. According to these plans should be produced and implemented for procurement (by establishing standards for thorough analysis of expenses in relation to the benefits-achievements and the alternatives), equipment, personnel, interoperability, structure and capabilities, maintenance (whole life cycle), ability to regenerate forces and levels of training. In 2004 financial means should be directed towards future forces and capabilities according to the new plans. Financing should stop on all activities related to those areas of activities, infrastructure, equipment and weapons, which according to the current and future plans are to be removed from the defence and the ARM.

In regard to last year's ANP and the activities that will continue within the SDR in a different manner, we expect minor modifications of the force strength, equipment, as well as of the figures of the budget proportions and assets.









# Република Македонија – ПзМ









Република Македонија гледа на НАТО како на еден од клучните столбови на модерната европска безбедносна архитектура. Во таа смисла, цврсто ги поддржува процесите за трансформација на Алијансата со подобрување на стабилноста и соработката во Евроатлантската област.

Р. Македонија своето членство во НАТО го смета како трајна обврска, за што во државата постои широк политички и општествен консензус. Одлуката е резултат на нашата стратешка определба за активно учество во изградбата на пошироката безбедносна структура во евроатлантската област.

Потврда на таквата ориентација се изразува со целосен консензус на сите парламентарни и вонпарламентарни политички партии, како и од општата поддршка на граѓаните. Во таа смисла потребно е да се забележи дека на 23. декември 1993 година Собранието на Р. Македонија донесе одлука за стапување на Р. Македонија во членство на Северноатлантската договорна организација – НАТО.

НАТО го воспостави „Партнерството за мир“ (ПзМ) во јануари 1994 година, со цел да ја зголеми способноста и безбедноста низ цела Европа.

Р. Македонија беше една од првите земји која во јануари 1994 година ја поздрави иницијативата „Партнерство за мир“ како карактеристика на европската одбранбена архитектура и изрази цврста определба да ѝ се придружи, убедена дека со основните постулати на својата надворешна политика - разрешување на отворените прашања по пат на дијалог и подготвеност за соработка со соседите, може да придонесе за стабилноста на регионот и на европскиот континент. Веќе наредната година, Р. Македонија станува членка на „Партнерството за мир“ (ПзМ) во ноември 1995 година со можност да го даде својот придонес во изградбата на новата безбедносна архитектура на европскиот континент.

Во март 1996 година Р. Македонија беше примена во Северноатлантскиот совет за соработка, а во јуни 1996 година со САД го потпиша Договорот за статус на силите – СОФА, со кој се регулира статусот на силите меѓу земјите членки на Алијансата и ПзМ, и кој беше ратификуван од страна на собранието на Р. Македонија истиот месец.



Од јули 1996 година Р. Македонија има воени претставници во седиштето на НАТО во Брисел и во Координативната ќелија на ПзМ во Монс, со што следи наше активно учество во Работната програма на ПзМ и отпочнување на реализацијата на Индивидуалната партнерска програма (ИПП) на Р. Македонија и НАТО.

Во јануари 1997 година Р. Македонија пристапи кон Процесот за планирање и преглед на НАТО (ПАРП), наменет за земјите членки на ПзМ. Активностите и процесите кои произлегуваат од ПАРП имаат суштествено влијание во планирањето, изградбата и развојот на одбранбениот систем како и неговото преструктуирање според НАТО стандардите. Исто така, во 1997 година, НАТО сојузниците решија да го зајакнат ПзМ преку доделување на пооперативна улога, нудење поголема инволвираност на партнерите во донесувањето одлуки на планирањето и зајакнувањето на нивната улога во политичките консултации.

Во јуни 1997 година Р. Македонија стана членка на новоформираниот Евроатлантски партнерски совет (ЕАПЦ), кој претставува поширока рамка за соработка меѓу партнерите од претходниот Северноатлантскиот совет за соработка (НАЦЦ). Советот се состанува периодично на амбасадорско ниво и на ниво на министри за надворешни работи и одбрана. Активностите на ЕАПЦ се опфатени со двегодишниот работен план кој е фокусиран врз консултации и соработка во врска со голем број политички и одбранбени теми, регионални прашања, контрола на трговијата со оружје, меѓународен тероризам, зачувување на мирот, одбранбено-економски прашања, планирање во цивилно вонредни состојби, научни и еколошки прашања.

Една година подоцна, во 1998, Р. Македонија ја отвори сопствената мисија при НАТО во Брисел.

На Вашингтонскиот самит во април 1999 година, Македонија, заедно со Албанија, Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Романија, Словачка, Словенија, ја искажа својата заинтересираност за членство во НАТО.

Целосното учество во ПзМ/ПАРП е од суштинско значење за Р. Македонија и нејзината кандидатура заради развивање на интероперативноста со НАТО силите и подготовка на воените структури и капацитети за можно идно членство.

По НАТО-самитот во Прага, кој се одржа на 21, 22 ноември 2002 година, НАТО ја зголемува асистенцијата за Р. Македонија во областа на реформите во одбранбениот и безбедносниот сектор и за помош за идно членство во НАТО. Многу реформи, иницијативи и програми договорени на Самитот во Прага се почеток на еден важен процес на трансформацијата на НАТО која гарантира безбедност на територијата, популацијата и силите на земјите членки на НАТО против сите видови закани и предизвици.

# Republic of Macedonia – PfP

For the Republic of Macedonia, NATO is one of the basic pillars of the modern European architecture. In that sense, the Republic of Macedonia strongly supports the processes of transformation of the Alliance for the improving of the stability and the cooperation in the Euro Atlantic area.

The Republic of Macedonia considers its NATO membership as a permanent commitment, for which there is a broad political and social consensus in the country. This decision is a result of the strategic determination for an active participation in the building of a broader security structure in the Euro Atlantic area.

The confirmation of this orientation is expressed through the complete consensus of all the parliamentary and non-parliamentary political parties as well as the vast support from the citizens. Therefore, it should be noted that on December 23, 1993, the Assembly of the Republic of Macedonia passed a decision for the entering of the Republic of Macedonia in the North Atlantic Treaty Organization – NATO.

NATO has established the Partnership for Peace (PfP) in January 1994, with the purpose of increasing of the capabilities and security throughout Europe.

In January 1994, as one of the first countries, the Republic of Macedonia welcomed the Partnership for Peace initiative as a characteristic of the European defence architecture, and expressed its firm determination for joining the initiative, convinced that with the basic postulates of its foreign policy, such as the resolving of the open questions by dialogue, and the readiness for cooperation with the neighbours, it could contribute in the stability of the region and the European continent. The following year, in November 1995, the Republic of Macedonia became a member of the Partnership for Peace (PfP) with prospects to give its contribution in the building of the new security architecture of the European continent.

In March 1996, the Republic of Macedonia was accepted in the North Atlantic Cooperation Council; in June 1996, the Republic of Macedonia signed the Agreement for the status of the forces-SOFA, which regulates the status of the forces between the countries of the Alliance and the PfP member countries, which was ratified by the Assembly of the Republic of Macedonia the aforementioned month.

Since July 1996, the Republic of Macedonia has military representatives in the NATO headquarters in Brussels and in the PfP Coordinating Cell in Mons, followed by the active participation from our side in the PfP Working Program and the beginning of the realization of the Individual Partnership Program (IPP) of the Republic of Macedonia and NATO.

In January 1997, the Republic of Macedonia joined the NATO Planning and Review Process (PARP) which was designated for the PfP member countries. The activities and processes which emerge from the PARP have a fundamental influence on the planning, structuring and the development of the defence system, as well as on its restructuring according to the NATO standards. In addition, in 1997, the NATO Allies decided to strengthen the PfP by giving it a more operative role, by offering greater participation of the partners in the bringing of the decisions for the planning, and by strengthening of their role in the political consultation.

In June 1997, the Republic of Macedonia became a member of the newly formed Euro Atlantic Partnership Council (EAPC), which is a broader framework for cooperation between the partners from the previous North Atlantic Cooperation Council (NACC). The Council meets on the ambassador level periodically, as well as on the foreign and defence ministers level (CGS as well). The activities of the EAPC are determined by the two year working plan which is focused on the consultation and cooperation regarding a number of political and defence issues, regional topics, control of the smuggling of weaponry, international terrorism, retaining of the peace, defence-economic issues, planning in the civilian emergency situations, scientific and ecological questions.

A year later, in 1998, the Republic of Macedonia opened its own NATO mission in Brussels.

At the Washington Summit in April 1999, the Republic of Macedonia, together with Albania, Bulgaria, Estonia, Latvia, Lithuania, Romania, Slovakia and Slovenia expressed its interests for NATO membership.

The overall participation in the PfP/PARP is of an essential importance for the Republic of Macedonia and its candidacy for the developing of the interoperativity with NATO forces and the preparation of the military structures and the capacities for possible future membership.

After the NATO Summit, held from November 21-22, 2002 in Prague, NATO has increased the assistance for the Republic of Macedonia in the field of the defence and the reforms in the security sector, as well as the assistance for the future NATO membership. The number of reforms, initiatives and programs agreed at the NATO Summit in Prague, are the beginning of an important process in the NATO transformation which guaranties security of the territory, population and the forces of the NATO member countries against all the possible threats and challenges.











# Трансформација



Одбраната на Република Македонија се соочува со длабока трансформација поради нејзиното неопходно преструктуирање и приспособување за членство во НАТО, имплементирајќи ги стандардите на Алијансата.

Основен инструмент според кој се водат процесите на трансформација, се решенијата зацртани во Годишната национална програма за членство. Важни се и обврските кои произлегуваат од: членството во „Партнерството за мир“, посебно од ПАРП-процесот за планирање и преглед, Индивидуалната програма за партнерство, учеството во вежбовни и други активности, како и од хуманитарни мисии и мисии за зачувување на мирот предводени од НАТО.

Република Македонија го прифаќа широкиот приод кон безбедноста, зацртан во Стратегискиот концепт на Алијансата, каде што покрај традиционалната воено-политичка компонента на безбедноста, еднакво важни се и нејзината економска, еколошка и социјална димензија. Посебно место зазема и гледањето на новите безбеносни ризици, пред сè борбата против тероризмот и







максималното вклучување на Република Македонија во антитерористичката кмпања.

Безбедносната политика на Република Македонија е насочена кон заштита на нејзините граѓани, гарантирање на независноста и на територијалниот интегритет на земјата, поддршка на националните и на економските институции, целосно учество во европските, во евроатлантските и во глобалните процеси на интеграција и соработка и кон одржување на внатрешниот мир, стабилност и основните слободи. Суштински елементи за постигнување на оваа цел и предизвик за нас е Рамковниот договор, имплементацијата на принципот на владеење на правото на целата територија на Републиката, демократизација и целосна реинтеграција на поранешните кризни региони, како и донесување реална и транспарентна национална безбедносна стратегија, а потоа и национална воена стратегија, засновани врз досегашните искуства и потреби и во согласност со нормите и стандардите на НАТО.

Веќе е изготвена Националната концепција за безбедност и одбрана, со која, покрај одбранбените надлежности утврдени со Уставот и со законите, потребно е посебно да се посвети внимание на доизградувањето на инструментите за спроведување на одбранбената политика, на правилното и наменско трошење на буџетот за одбрана, на доизградувањето на инструментите и процедурите за остварување на раководењето и командувањето со одбраната, особено со вооружените сили. Внимание треба да се посвети и на: преструктуирањето, димензионирањето, опремувањето, професионализирањето на Армијата, достигнувањето соодветна застапеност на припадниците на заедниците во структурите на Армијата, на редизајнирањето на военообразовниот и системот на обука, заснован врз нормите и стандардите на НАТО.

Во тој контекст, одбранбената политика на Републиката се стреми кон одвраќање од агресија и кон одржување адекватни вооружени сили и справување со сите можни закани.

Република Македонија иницираше воени реформи за да ја зајакне својата безбедност и својата кандидатура за НАТО, иако безбедносната криза од 2001 година претставуваше чекор наназад во таквите напори. Притоа, имплементацијата на Планот за трансформација на Армијата, Законот за одбрана, Законот за служба во АРМ, засновани врз Белата книга за одбраната, на Стратегијата за одбраната од 1998 година (кои моментно се поставуваат врз нови основи, согласно сопствентие видувања и нормите и стандардите на НАТО), како и Годината национална програма за членство во НАТО, на Република Македонија ѝ обезбедуваат патоказ за остварување на основната, државна цел – зголемена национална безбедност и целосна интеграција во трансатлантските безбедносни институции.



# Transformation

The defence of the Republic of Macedonia is faced with profound transformation as regards its necessary restructuring and adjustment for NATO membership, and implementation of the standards of the Alliance.

The basic instruments, according to which are guided the processes of the transformation are the decisions which are established in the Annual National Program for membership. The responsibilities which emerge from the Partnership for Peace membership, especially from the PARP –Planning and Review Process, the Individual Partnership Program, the participation in the exercises and other activities, as well as humanitarian missions and NATO led missions for retaining of the peace, are important as well.

The Republic of Macedonia accepts the wider approach towards the security, established in the Strategic Concept of the Alliance, where, apart from the traditional military-political component of the security, the economic, ecological and the social dimension are equally important as well. The distinguishing of the new safety risks, especially the fight against terrorism, and the maximal inclusion of the Republic of Macedonia in the antiterrorist campaign has a special place too.

The security policy of the Republic of Macedonia is directed towards the protection of its citizens, guaranteeing of the independence and the territorial integrity of the country, the supporting of the national and the economic institutions, full-time participation in the European, Euro Atlantic, the global integration and cooperation processes, as well as the retaining of the internal peace, stability and basic freedoms. The basic elements for achieving this goal and challenge for us is the Framework Agreement, the implementation of the principle of the governing of the law on the entire territory of the Republic of Macedonia, democratization and complete reintegration in the former crises regions, as well as conveying of a real and transparent National Security Strategy, and subsequently, a National Military Strategy, both based on the previous experiences and needs, and according to the NATO standards and norms.





The National Security and Defence Concept has already been prepared, with which, apart from the defence responsibilities determined by the Constitution and the laws, a special attention should be paid to the up-building of the instruments for conducting of the defence policy, the proper and planned defence budget spending, the up-building of the instruments and procedures for accomplishing of the management and commanding with the defence, especially with the armed forces. We should also pay attention to the: restructuring, dimensioning, equipping, and the professionalization of the Army, achieving an appropriate representation of the members of the ethnical communities in the Army structures, redesigning of the military-educational and training system, based on the NATO standards and criteria.



In that context, the Republic's defence policy strives towards the repelling of aggression and maintaining of appropriate military forces and handling with all the possible threats.

The Republic of Macedonia initiated military reforms in order to strengthen its own security and NATO candidacy, although the security crisis from 2001 was a step backwards from these efforts. At the same time, the implementation of the Plan for transformation of the Army, the Defence Law, the Army Service Law, which are based on the White Book of the Defence, the Defence Strategy from 1998 (which are in the process of revision according to the personal views and norms and the NATO standards), as well as the Annual National Program for NATO membership, are a signposts for the realization of the basic goal of the country – increased national security and full-time integration in the Trans-Atlantic security institutions.





ЕДИНИЦА ЗА СПЕЦИЈАЛНИ НАМЕНИ

# Нашиот адут за членство во НАТО









Министерството за одбрана и Генералштабот на АРМ во соработка со претседателот на Република Македонија започнаа преструктуирање на командата на постојните специјалните единици на АРМ и формирање на единица за специјални намени.

Оваа единица ќе брои околу 1.000 припадници и таа ќе биде 60 проценти пополнета од досегашниот состав на специјалните единици на АРМ.

Оправданоста за формирање на еден ваков тип единица е поради: неконвенционалните закани, постигнувањето на поголем ефект со помали сили, обезбедување брза распореденост на силите во земјата и надвор од територијата на Република Македонија, вложувањето во еден таков вид единица е долгорочен, оправдан и исплатлив, интегрирањето на Република Македонија во НАТО, позитивните научените лекции дома во 2001 година и во странство со учеството во мисијата „Слобода за Ирак", а со ова продолжува и процесот на професионализација на Армијата. Преку нејзиното формирање ќе се добие единица која ќе биде потполно оперативна за распоредување надвор од земјата, способна за разместување и за самостојно изведување на операции.

Мисијата на единицата за специјални намени е да даде поддршка на внатрешната безбедност на Република Македонија, преку поддршка на полициските сили, како и поддршка на надворешната и безбедносна политика на државата при изведување заеднички операции со други коалициони држави надвор од територијата на Република Македонија.

Концептот за АРМ е лесна, мобилна и професионална армија со фокус на специјалните сили.

Со искуството од изминатите 12 години, очигледно е дека Македонија не може да ѝ понуди на НАТО инженериски експерти, или пак специјализирана помош за заштита од нуклеарно, хемиско и биолошко оружје, или пак откривање и уништување на оружјето за масовно уништување. Се чини дека најдобриот модел се специјалните сили, и нашите партнери од НАТО нѐ поттикнаа да се развиваме во тој правец.



Способностите на специјалните сили ќе ѝ обезбедат на АРМ добар потенцијал за обезбедување од заканите внатре во Македонија и ќе партиципираат како членки на НАТО во различните мисии за поддршка на мирот.

Со помош на советниците на НАТО за обезбедување компатибилност, АРМ се обучува и се опремува во согласност со своите нови приоритети. Експерти од Обединетото Кралство и од Турција, во моментов работат со единиците на македонските специјални сили и притоа даваат совети и учествуваат во обуката на Единицата за специјални намени.

Новата единица настана поради внатрешните потреби, со оглед на тоа што е очигледно дека на Македонија ѝ треба една ваква единица како поддршка за полицијата во борбата против тероризмот. „Сѐ поголемиот придонес на Македонија во мировните операции на НАТО претставува дополнителна причина за нејзиното формирање", изјави министерот Бучковски.

Во Единицата за специјални намени ќе се преструктуираат досегашниот Одред за специјални дејства на АРМ, досегашниот Падобранскиот одред од Военото воздухопловство, како и досегашниот Извидувачки баталјон. Во рамките на Единицата за специјални намени ќе се формира и ренџерски баталјон кој ќе има зацртана мисија за извидување и собирање на информации и податоци.

Кон формирањето на Единицата ќе се оди според етапен план, неопходно поддржан со финаниски средства. Според проценета за етапното формирање на оваа единица ќе бидат потребни 20.000.000 евра, а годишно за нејзино одржување ќе требаат 12.000.000 евра кои ќе бидат обезбедени од сопствени средства, односно од Буџетот, како и со поддршка и кредитирање од партнерски држави.

Се планира во 2005 година поголемиот дел од Единицата за специјални намени да постигне целосна интероперативност, согласно стандардите на НАТО.

Владата ќе изврши стандардизирање на сместувачките капацитети, комуникациските средства, опремата и вооружувањето на специјалните единици на АРМ и МВР со цел да не се изврши поклопување на ресурсите и пред сѐ, воспоставување на заеднички стандарди во платите на припадниците во специјалните единици во АРМ и МВР.

Со оглед на тоа што во одредени ситуации и безбедносни предизвици, на МВР поддршка ќе му дава Единицата за специјални операции на АРМ, се планира спроведување на заедничка обука помеѓу припадниците на специјалните единици на АРМ и МВР.

UNIT FOR SPECIAL PURPOSES

# Our winning card for NATO membership

The Ministry of Defence and the General Staff of the ARM in cooperation with the President of the Republic of Macedonia have started the restructuring of the command of the existing Special Forces of the ARM and the forming of the special purposes unit.

This unit would be consisted of approximately 1000 members, 60% of which would be from the previous structure of the ARM special units.

The formation of such unit is justified because of the unconventional threats, the achieving of greater effect with minor forces, enabling of quick deployment of the forces in the country and outside the territory of the Republic of Macedonia. The investments in such unit are long-term, justified and profitable, for the integration of the Republic of Macedonia in NATO, with the positively learned lessons at home in 2001 and abroad from the participation in the "Iraqi Freedom" mission, for continuation of the process of professionalization of the Army. Through its forming we would get a unit which would be entirely operative for deploying outside the country, capable of deployment and independent conduct of the operations.

The mission of the special purposes unit is giving support to the police forces, as well as supporting of the foreign and security policy of the country during the conduct of the joint operations with other coalition countries outside the territory of the Republic of Macedonia. The concept for the ARM is a light, mobile and professional army with the accent on the Special Forces.

With the experience from the last 12 years, it is obvious that Macedonia cannot offer to NATO engineering experts or specialized assistance for protection from nuclear, chemical or biological weapons, or detecting and destroying of the weapons for mass destruction. It seems that the Special Forces are the best model and our NATO partners encouraged us to develop in that direction.

The capabilities of the Special Forces would provide the ARM with a good potential for securing from the threats inside Macedonia and would participate as members of NATO in different peace supporting missions.

With the assistance from the NATO advisors for obtaining compatibility, ARM is being trained and equipped in accordance to its new priorities. Experts from the United Kingdom and Turkey are working at the moment with the units of the Macedonian Special Forces at the same time giving advises and participating in the training of the Special purposes unit.

The new unit was formed because of the internal requirements, since it is obvious that Macedonia needs such a unit for giving support to the police in the fight against terrorism. "The intensified contribution in the NATO peace operations was a reason more for its formation," stated the Minister Buckovski.

The former special action squad of the ARM, the former parachute unit from the Air Forces, as well as the former reconnaissance battalion would be restructured in the Special purpose unit. In the frames of the Special purpose unit, a Ranger battalion would be formed as well, whose designed mission would be reconnaissance and gathering of information and data.

The formation of this Unit would be conducted according to a phase plan, necessarily supported with financial resources. According to the estimation for the phase formation of this unit, 20.000.000 Euros would be needed, and 12.000.000 Euros for its annual maintenance, which would be obtained from our personal resources, i.e. from the Budget, as well as with the assistance and crediting from the partnership countries.

In the 2005 is planned that the larger part from the Special purpose unit should reach complete interoperativity according to the NATO standards.

The Government would conduct a standardization of the accommodation facilities, communication equipment and the weaponry of the special units of the ARM and Ministry of Interior, for the purpose of avoiding the overlapping of the resources and above all, establishing of mutual standards in the payment of the members from the special forces of the ARM and the Ministry of Interior.

Regarding the fact that in the particular situations and security risks the Special purpose unit of the ARM would support the Ministry of Interior, conducting of joint training for the members of the special units of the ARM and the Ministry of Interior is planned.











# Редукција на персоналот







Проектираната бројна состојба, посебно нејзинаата внатрешна структрура, е вистински предизик за Армијата на Република Македонија. Плановите за реформа се фокусирани на зголемување на бројот на професионалните војници и подофицери, со едновремено намалување на офицерите, војниците-регрути и цивилните лица во АРМ. Предложената проекција е базирана врз бројот на мирновременскиот состав на АРМ и потребниот персонал со внатрешна структура според современите стандарди коишто важат за вооружените сили, особено на земјите-членки во НАТО.

Со Проекцијата е предидено формирање нова, модерна АРМ базирана врз реален број високопрофесионални офицери, квалификувани, посветени и стручни подофицери и високообучени војници.

Со дополнувањата на Законот за служба во АРМ е создадена законска можност за докуп на стаж до пет години на оние воени и цивилни лица кои со докуп на стажот би оствариле целосна старосна пензија. Оваа одредба е со ограничено траење, односно до крајот на 2007 година, до кога е зацртано да завршат реформите во Армијата. Со вакво решение се очекува дека 892 лица до крајот на 2007 година ќе можат да заминат во старосна пензија, со остварување на полн износ на пензијата (2003 година – 356 лица; 2004 година – 122 лица; 2005 година – 129 лица; 2006 година – 145 лица и во 2007 година – 140 лица).

Истовремено, се врши и трансформација и реформа на Министерството за одбрана. Визијата е да се обезбеди такво Министерство за одбрана кое ќе може ефикасно и успешно да ја извршува својата законска надлежност во одбраната, посебно во областа на креирањето на политиката на одбраната, нејзино планирање и организирање на целокупната поддршка за функционирање на АРМ (остварување цивилна и демократска контрола, обезбедување ресурси, персонален менаџмент и друго). Целта е едуцирана за воени прашања и високостручна професионална администрација, способна да ја креира политиката на одбраната и да ги разбира потребите на војската.

# Reduction of personnel





The projected numerical situation, especially its the internal structure, is a real challenge for the Army of the Republic of Macedonia. The reforms' plans are focused on the increasing of the number of the professional soldiers and non-commissioned officers and at the same time, decreasing of the number of the officers, conscript-soldiers and the civilian personnel in the ARM. The proposed projection is based on the number of peacetime structure of the ARM, and the required personnel with the internal structure according to the modern standards which apply for the armed forces, especially for the NATO member countries.

With this Projection is envisaged a formation of a new and modern ARM, based on a realistic number of highly professional officers, qualified, dedicated and competent non-commissioned officers, and highly trained soldiers.

The annexes of the Army Service Law created a legal possibility to buy off the social security benefits for early retirement for five years' period to the military and civic personnel who would achieve full old-age pension with the buying off of the social security benefits. This regulation has limited duration, that is to say, by the end of the 2007, when it is envisaged that the Army reforms should be completed. It is expected that with this resolution, 892 persons (2003 year - 356 persons; 2004 year - 122 persons; 2005 year - 129 persons; 2006 year - 140 persons; 2007 year - 145 persons), would reach old-age pension by the end of 2007 through the obtaining of the full pension amount.

Simultaneously, the Ministry of Defence is undergoing a transformation and reforms. The vision is to design a Ministry of Defence that would be able to preform its legal competencies for the defence in an efficient and successful way, especially in the field of the creating and planning of the defence policy, organizing of the overall support for the functioning of the ARM (accomplishing of a civic and democratic control, providing resources, personal management etc.). The aim is developing a military-educated and highly-competent professional administration, capable of creating the defence policy and understanding of the army's needs.



# Професионална и модерна армија



До 2007 година, Армијата на Република Македонија ќе брои 12.858 припадници, со можности за натамошно професионализирање и намалување на бројниот состав. Како долгорочна цел, во којашто досега е постигнато најмногу успех, е професионализацијата на мирновременскиот состав на АРМ (62 проценти од проектираниот состав е веќе професионализиран, се намали времето на служење на регрутниот состав на 6 месеци, со тенденција за натамошно намалување).

На Република Македонија ѝ е потребна вооружена сила способна за навремена идентификација на загрозеноста, за брзо доведување во мобилност, за употреба и создавање услови за доведување во готовност за употреба на останатите делови од системот за одбрана на Република Македонија, со изградена способност за брза реакција и одбивање на првите удари од агресорот. Само армија со активен, постојан професионален и најмодерно организиран состав и со добро обучена и секогаш подготвена резерва, може да се одговори на тие барања.

Идната воена организација се гради како еден од столбовите на одбраната и на безбедноста на Република Македонија. Неопходно е да се создаде вооружена сила подготвена за успешно изведување на активна одбрана која агресијата ќе ја релативизира како физички тешко остварлива во време и во простор, со национална воена доктрина која ќе обезбеди целосност на системот за одбрана и надополнување на неговите елементи (образование, дипломатија, здравство, транспорт, производство и др.) со активностите на војската. Притоа, организацијата и формацијата на единките на АРМ треба да биде компатабилна на НАТО, за во секој момент, секоја единка да може да се вклопи во воените структури на Северноатлантската алијанса, односно со можност да обезбеди прифаќање и вклучување на нивните сили во својот состав, како и вклучување на сопствените сили во составот на НАТО-воениот систем за учество во мировните операции.

Во основни фактори што го определуваат концептот на изградбата на воената организација спаѓаат: општото и национално-историско искуство, карактеристиките на политичкиот систем, просторно-популациските карактеристики, економските можности и техничко-технолошкиот развој, како и социостратификациските карактеристики на заедницата значајни за изградбата на Армијата и на воената доктрина. За Република Македонија, од особено значење е и економичноста. Таа секогаш треба да се мери со очекуваниот резултат и ефикасност. Економична е и определбата да се има тежиште на одбранбените борбени средства и системи, затоа што тие се поевтини за набавување и за одржување и се согласни на стратегиските определби и интереси за одбрана на Републиката

Професионализацијата на Армијата е процес кој се остварува според брзината на ставовите на институциите на државата и нејзините материјални можности и претпоставки. Професионалната војска подразбира пополнување врз доброволна основа.

За македонската војска е актуелен прагматичниот професионализам, како оптимален модел на воена организација. Тој подразбира интегрирање на воената професија во општествените процеси. За да се оствари оваа претпоставка, современите граѓански држави прават напори да се обезбеди поголема јавност и отвореност на воената организација кон општеството. Така, воената организација ќе му стане поблиска на граѓанинот, ќе ја третира како своја, подготвен да ги сфати нејзините проблеми, да партиципира финансиски и како обврзник, или доброволно да ја пополнува нејзината организациско-формациска структура.

За Република Македонија е значајно и сознанието дека кај земјите-членки на НАТО веќе неколку години е присутен трендот на изедначување на големината на активната вооружена сила и на резервниот состав. Доколку Република Македонија сака да го следи тој тренд, има можности за намалување на обемот на вооружените сили, притоа строго водејќи сметка новата проекција да кореспондира со стандардите на НАТО и да не ја намали способноста за остварување на основната функција.

Квантитативното намалување на вооружените сили (поради тоа што најголем дел од борбените средства се мошне скапи) се компензира со квалитет и пред сѐ со постојан и со оспособен состав, најмодерно организиран и подвижен. Комплексноста на борбените системи, скапата и долготрајна обука не дозволуваат импровизација. И побогатите земји не планираат обука на воени обврзници со современи борбени системи, туку тоа го решаваат со професионалци. Професионализмот е процес што тече и се шири и претставува добра основа за изградба на модел на воената организација со оптимални можности за одбрана на земјата.

Република Македонија веќе располага со мала, но мобилна и професионална армија. Нејзин ’рбет е професионалниот, постојан и оспособен состав на вооружената сила, најмодерно организиран и подвижен. Новата армија на Република Македонија е армија од сосема нов вид, армија на новото време.



# Professional and modern Army

The Republic of Macedonia needs armed forces that are capable of timely identification of the endangerment, quickly mobile, with the ability of creating conditions to lead to combat readiness the other parts of the defence system of the Republic of Macedonia, with a formed capability for speed reaction and repelling of the attacks by the aggressor. Only an army with an active, permanent, professional and contemporarily organized structure, and with a well-trained and constantly prepared reserve could respond to those demands.

The future military organization is being built as one of the pillars of the defence and the security of the Republic of Macedonia. It is necessary to create an armed force prepared for a successful conducting of the active defence that would relativize the aggression as a physically hard to achieve in time and space, with national military doctrine which would enable completeness of the defence system and supplementing of its elements (education, diplomacy, health care, transportation, production etc.) with the activities of the Army. At the same time, the organization and the formation of the ARM units should be compatible with NATO, so that at any point, each of the units could fit in the military structures of the North Atlantic Alliance, i.e. with the possibility of enabling the acceptance and the inclusion of their forces in its own structure, as well as the inclusion of the individual forces in the framework of the NATO military system for participating in the peacekeeping operations.

Some of the basic factors which determine the concept of the development of a military organization are: the general and the national-historic experience, the characteristics of the political system, space and population characteristics, economic possibilities and technical-technological development, as well as the socio – stratification characteristics of the community which are important for the development of the Army and the military doctrine. The cost-cutting measurements are especially important for the Republic of Macedonia. They should be always calculated with the expected result and efficiency. The determination for putting the accent on the defence combat resources and systems is economical as well because they are much cheaper for procurement and maintenance, and are compatible with the strategic determination and interests of the defence of the Republic of Macedonia.

The professionalization of the Army is a process which is realized according to the speed and standpoints of the state institutions and its material capabilities and conjectures. A professional army means recruitment on a voluntary basis.

The pragmatic professionalism is characteristic for the Macedonian army as the optimal model of the military organization. It implies integration of the military profession in the processes of the society. In order to make this assumption true, the modern civil states make efforts to provide greater public transparency of the military organization towards the society. In this way, the military organization would become much closer to the citizens; they would treat it as their own and would be prepared to understand its problems, would participate financially and as reserve soldiers, or would fulfill voluntarily the organizational and formational structure.

The awareness for the existence of a trend, which is present in the NATO member countries for several years, for equalization of the size of the active armed force with the reserve, is very important for the Republic of Macedonia. If the Republic of Macedonia wants to follow this trend, there are possibilities for reduction of the size of the armed forces, but at the same time, the Republic of Macedonia must pay attention that the new projections correspond to the NATO standards and that they do not diminish its capability for accomplishing the basic function.

The quantitative reduction of the armed forces (because the greater part of the combat equipment is very expensive) is being compensated with the quality, and above all, with a permanent and capable structure, mobile and contemporarily organized. The complexity of the combat systems, the expensive and long-lasting trainings do not allow improvisation. Even the richer countries do not plan a training of the military reserve with modern combat systems and they do it with the professional soldiers. The professionalism is a process that lasts and spreads and which is a good basis for the building of a model of the military organization with optimal possibilities for the defence of the country.

The Republic of Macedonia has a small, but mobile and professional army. Its backbone is the professional, permanent and capable structure of the armed force, mobile and contemporarily organized. The new army of the Republic of Macedonia is an army of a completely new kind, an army of the new millennium.



Until 2007, the Army of the Republic of Macedonia would count 12.858 members, with the possibility of further professionalization and reducing of the numeral structure. As a long-term goal where we have achieved the greatest success, is the professionalization of the peacetime structure of the ARM. (60% from the projected structure has already been professionalized, the military service of the recruits has been reduced to 6 months, with a tendency for further reducing)



# Стратегиски одбранбен преглед







Стратегискиот одбранбен преглед (СОП) е производ на континуирана меѓуресорска координација и консултации со Собранието и Претседателот на државата. Современата одбрана е интегрална задача која покрај воените ќе води сметка за целите на внатрешната базбедност, за надворешнополитичката, за економската и другите политики. Ние мораме да градиме нормативна рамка и одбранбена култура кои ќе помогнат во надминување на слабостите во делот на координацијата меѓу ресорите. Во меѓувреме, Владата вложува посебни напори во подобрувањето на меѓуресорската соработка во безбедноста со изработкатата на Закон за управување со кризи, кој очекувам да биде донесен во најкус рок.

Целта на Стратегискиот одбранбен преглед (СОП) е преку транспарентен и активен однос да се надополни овој растечки национален консензус околу целите и визиите за идните развојни насоки на безбедноста и одбраната на Република Македонија. Прегледот е преоден документ кој треба да ги отвори патиштата за континуиран, целесообразен и транспарентен пристап кон прашањата на одбраната. Тој ќе биде основа за координирано комплетирање и дополнување на нормативната рамка и на документите што се клучни за оперативното функционирање на одбраната и вооружените сили.

Стратегискиот одбранбен преглед се води од целите на надворешната политика. Членството во НАТО, во Европската унија и регионалната соработка ги сметаме за комплементарни компоненти на надворешната политика. Со Соединетите Американски Држави градиме долгорочно стратегиско партнерство што се темели врз заедничките вредности и интереси и визијата за иднината која почива врз принципите на демократијата, човековите права и слободното претприемништво. Членството во евроатлантските институции не е само гаранција за нашата безбедност, туку подразбира и придонес во колективната безбедност.

Забрзаната демократизација и прифаќањето на визиите за евроатлантска иднина на Балканот, како и долгорочното присуство на меѓународната заедница, создадоа безбедносно опкружување во кое заканите од конвенционална агресија се минимални. Денес, главните предизвици произлегуваат од последиците од постконфликтниот период на Балканот, од транзиционите проблеми и од негативните ефекти на глобализацијата. Справувањето со овие опасности подразбира инвестиции, пред сè, во невоените структури: Министерството за внатрешни работи, Царината и разузнавачките служби, и сегментите како што се граничното обезбедување и кризниот менаџмент.

Искуствата говорат дека на Република Македонија, пред сè, ѝ се потребни мобилни, високопрофесионални сили за специјални операции, поддржани од ефикасен команден и разузнавачки систем. Формирањето бригада за специјални операции, што треба да се финализира до април 2005 година, е основен чекор во тој правец. Наша долгорочна стратегиска определба е да имаме целосно професионален мирновременски состав на АРМ. Акциониот план за членство на Република Македонија во НАТО предвидува до 2007 година, 70 проценти од мирновременскиот состав на АРМ да го сочинуваат професионални војници. При таа прераспределба имаме намера да ги потенцираме лесните, професионални сили со висок степен на готовност. Тие ќе ни овозможат ефикасно справување со безбедносните закани дома и брзо распоредување на мировни операци во странство. Како чекор во тој правец, извршивме измена на Законот за одбрана со која служењето на воениот рок во регрутниот состав се скратува од 9 на 6 месеци. Истовремено, извршивме измени и во Законот за служба во Армијата, со цел да овозможиме поправично вреднување на клучните специјалности и задачи во определувањето на платите и надоместоците.

Градењето вооружени сили способни да се справат со неконвенционалните и асиметрични закани подразбира инвестиции во обуката, во набавката на нови средства и во подобрувањето на квалитетот на животот на индивидуалниот војник. Предвидовме зголемување на средствата за активностите есенцијални за реформите на 30-36 проценти од буџетот за одбрана до 2007 година. Оваа цел можеме да ја достигнеме само со редукција на персоналот и со одвојување на несуштинските дејности. Свесни сме дека ова е болен и тежок процес, но неговото одложување не го прави полесен.

Политичката рамка е првата фаза на Стратегискиот одбранбен преглед и има за цел да обезбеди политички консензус, транспарентност во одредувањето на иднината на нашиот систем за безбедност и да осигура дека реструктуирањето на одбраната се води во согласност со искуствата и целите на надворешната политика и со другите безбедносни и цивилни ресори. Врз основа на овие насоки, во втората фаза ќе се изврши проценa на потребните вооружени сили, на нивните способности, на опремата и на потребната поддршка. Финалната фаза ќе резултира со изработка на стратегија за трансформација на одбраната со цел да се оптимизира практичната реализација на реформите предвидени во Прегледот.



# The strategic defence review

The Strategic Defence Review (SDR) is a product of the continuous coordination and consultations between different sectors, the Parliament, and the President of the state. The modern defence is an integral assignment, which, apart from the military, would take into account the objectives of the internal security, foreign policy, the economic and other policies. We have to build a normative framework and defence culture which would assist in the overcoming of the weaknesses in the part of the coordination between the different sectors. In the meantime, the Government is making additional efforts to improve the inter-sectors' cooperation in the security by completion of the Crisis Management Law which should be ratified soon.

The Strategic Defence Review objective is to supplement the developing national consensus regarding the aims and visions for the future developments of the security and the defence of the Republic of Macedonia, through a transparent and active relation. The Review is a temporary document which should open the doors for a continuous, proper, and transparent approach regarding the defence issues. It would be the basis for a coordinated completion and addition of the normative framework and the documents which are crucial for the operative functioning of the defence.

The Strategic Defence Review is guided by the foreign policy's objectives. The NATO membership, the European Union and the regional cooperation are considered as complementary components of the foreign policy. We are building a long-term strategic partnership with the United States of America, based on the mutual values, interests and a vision for the future that lies on the principles of democracy, human rights and free undertakings. The membership in the Euro Atlantic institutions is not just a warranty for our security, but it also means a contribution in the collective safety.

The hastened democratization and acceptance of the visions for the Euro Atlantic future in the Balkans, as well as the long-term presence of the international community created a secure environment where the threats from the conventional aggression are minimal. Today, the main challenges emerge from the consequences from the Balkans' post-conflict period, the transitional problems, and the negative effects from the globalization. The handling with these dangers means investments, above all, in the non-military structures: the Ministry of Interior, the Customs and the Intelligence Services and the segments such as the border securing and the crisis management.

The experiences say that Republic of Macedonia needs above all mobile, highly professional forces for special operations, supported by the efficient commanding and intelligence system. The forming of a special operations brigade, which should be finalized by April 2005, is the main step in that direction. Our long-term strategic determination is to have a fully professional peacetime structure of the ARM. The Membership Action Plan of the Republic of Macedonia for NATO foresees that by 2007, 70% from the peacetime structure of the ARM would be consisted of professional soldiers. During this transformation, our intention is to stress out the light, professional forces with a high degree of readiness. They would enable us to handle efficiently with the security threats in the country, and to deploy rapidly in the military operations abroad. As a step ahead in this direction, we made alterations in the Defence Law according to which military serving is reduced from 9 to 6 months. At the same time, we made changes in the Army Service Law, in order to enable more appropriate appraisal of the key specialties and assignments in the determining of the salaries and payments.

The building of armed forces capable to cope with the unconventional and asymmetric threats means investing in the training, procurement of new equipment, and improvement of the quality of living of the individual soldier. We have envisaged an increasement of the funds for the activities essential for the reforms to 30-36 % from the defence budget until 2007. We can achieve this objective only by reducing the personnel and separating of the service facilities. We are aware that this is a painful and difficult process, but its postponement would not make it any easier.

The political frame is the first phase of the Strategic Defence Review and its purpose is to obtain political consensus, transparency in the defining of the future of our security system and ensuring that the defence restructuring is conducted according to the experiences and objectives of the foreign policy and security and civil resources. According to these directions, in the second phase would be conducted an assessment of the required armed forces, their capabilities, equipment and the necessary support. The final phase would result in creating of the Strategy for transformation of the defence, aimed for optimizing of the practical realization of the reforms which are envisaged in the Review. The making of the Strategic Defence Review is carried out with constant consultation and support from the NATO structures, members of the Alliance and the other partners and friends of the Republic of Macedonia. Their support is of an exceptional importance for the conducting of the reforms and our membership in the Euro Atlantic structures. But, the reforms are a process that could be carried out only by ourselves, with the maximal exploitation of the domestic expert capacities. For that reason, we have formed a team in the Defence Syndicate Organization that would ensure that the expert opinion of the employees in the Ministry of Defence should be included as a part of this process. The reforms are for the employees, and we are strongly determined that the employees should support them. At the same time, in the process of the making of the Review, the Ministry of Defence asked for the opinion from more than 100 institutions and experts, as well as the former Defence Ministers and Chiefs of General Staff, members from the parliamentarian commissions for defence and foreign policy, and the representatives from the Cabinet of the President of the Republic.









# Советодавниот тим на НАТО во Македонија






Во стратегискиот амбиент во периодот по Студената војна, партнерството и соработката станаа централната, односно главната карактеристика на стратегијата и на активностите на Алијансата и нивна цел е зајакнување на безбедноста и стабилноста во Евроатлантскиот регион. Тоа се рефлектира во Стратегискиот концепт на НАТО во кој се вклучени партнерството и соработката како една од фундаменталните задачи.

Интенцијата на советодавниот тим на НАТО беше укажување асистенција на Владата на РМ во спроведувањето на реформите во секторот на одбраната и безбедноста и обезбедувањето практична помош во однос на безбедносните барања и потреби за членство во НАТО. Шпанскиот генерал-мајор Бернардо Алварез дел Манзано Албинана, кој е во улога на виш воен претставник на НАТО во Македонија, во моментов раководи со штабот на НАТО во Скопје и ја сноси севкупната одговорност за оваа советодавна активност.



Советодавниот тим на НАТО, кој е составен дел од штабот на НАТО во Скопје, е формиран во Скопје во април 2002 година. Директор на Советодавниот тим на НАТО досега беше бригадниот генерал од Обединетото Кралство, Џејмс Бакстер, а нов директор е бригадниот генерал од Обединетото Кралство, Денис Блис.



Условите за компетенциите на Советодавниот тим на НАТО произлегуваат од оние услови за компетенции кои се содржани во работата на Вишиот воен претставник. Неговата главна задача е обезбедување совети околу воените аспекти за следниве прашања:

- АПЧ/ПЗМ програмата;
- Процес за планирање и ревизија (ППР), кои го опфаќаат реструктуирањето на вооружените сили;
- совет и асистенција на македонските воени власти за нивна ефикасна имплементација на ГНПЧ во контекст на АПЧ, вклучително и ППР и изменетата Индивидуална партнерска програма (ИПП);
- координација на сојузничките билатерални програми за помош, како и за информирање на сојузничките амбасади и релевантните офицери за информирање во врска со побарувањата за воена помош во однос на АПЧ за Македонија;
- одржување блиски контакти и координација на воените делегации на НАТО кои работат со македонските власти во однос на имплементирањето на ГНПЧ во контекст на АПЧ, вклучувајќи ги и ППР и ИПП;
- обезбедување воено-техничко советување доколку истото им е потребно на македонските власти во однос на планирањето и извршувањето на реформите во секторот на одбраната и безбедноста, вклучувајќи и
  – развој на доктрини;
  – побарувања на НАТО за интероперабилност и
  – договори за команда и за контрола.





Реформите и зајакнувањето на пограничната безбедност опфаќаат:

- обезбедување на воено советување на македонските власти во однос на пограничната безбедност и спречувањето шверц;
- помош на владините претставници во координација на билатералната и мултилатералната погранична безбедност и иницијативите за спречување шверц со цел обезбедување единство во напорите со меѓународната заедница;
- координациоја со КОМКФОР и со СМР Албанија во врска со пограничната безбедност и останатите прашања од интерес.

Од самиот почеток, во април 2002 година, Советодавниот тим на НАТО стана клучен елемент во мисијата на НАТО во Македонија. Овој тим моментално има свои канцеларии во состав на Министерството за одбрана на РМ, а има и блиски контакти со министерот за одбрана, како и со премиерот и со претседателот на РМ, а членовите на тимот присуствуваат и на редовните средби на колегиумот на Генералштабот на АРМ. Главната улога на тимот е асистирање во однос на воените аспекти на АПЧ и давање помош на Владата, на МО и на ГШ при подготовката на периодичните НАТО-процени. Како дополнение, во текот на измионатите неколку месеци тимот обезбедуваше дополнителен оперативен материјал за известување, како и советувања за правилата за ангажирање, организираше и семинар на тема „Оперативниот процес на планирање" и асистираше во обуката на ИСАФ контингентот.

Во моментот, главната активност е насочена кон поддршката и асистенцијата во процесот на неодамна објавената ревидирана Стратегија за одбрана, како особено значаен и детален проект. Истовремено се започнати и други проекти и тоа:

- процена на капацитетите на македонските специјални сили;
- развој на логистичката поддршка на операциите што се во тек;
- процена на потенцијалите на полигонот „Криволак" како регионален центар за обука и тренинг на НАТО;
- ревизија на структурата на војниците/подофицерите во АРМ и на програмите за обука;
- ревизија на опремата на АРМ и развој на среднорочна и на долгорочна стратегија за набавки на опрема и на оружје.

Среднорочна цел на тимот е укажување помош на Владата на РМ во постигнувањето на потребните одбрамбени стандарди за членство во НАТО, а долгорочна цел на тимот е укажување помош на Владата за остварување на бараната цел – модерни и професионални вооружени сили согласно потребите на Република Македонија и како израз на мултиетничката и плуралистичката природа на македонското општество.




# NATO Advisory Team in Macedonia

In the post Cold War strategic environment, partnership and cooperation have become a central feature of Alliance strategy and activities and are aimed at enhancing security and stability throughout the Euro – Atlantic area. This commitment is reflected in NATO's Strategic Concept that specifically includes partnership and cooperation as one of its fundamental security tasks.

The intent of the NATO Advisory team was to assist the Government with the defense and security sector reforms and to provide practical assistance in meeting the defence requirements of NATO membership. The Spanish Major General Bernardo Alvarez del Manzano Albiñana, who as acts as the NATO Senior Military representative in Macedonia, presently commands the NATO Headquarters Skopje (NHQS) and has overall responsibility for this advisory activity

The NAT as organic part of the NATO Headquarters Skopje was formed in April 2002. Until present, the NAT Director was the Brigadier General James Baxter from the United Kingdom, and the new director is the Brigadier General Denis Bliss from the United Kingdom.

· MAP / PfP programme / PARP, to include restructuring of the armed forces:

· Advice and assistance to the Macedonian military authorities for their effective implementation of the ANP in the context of the MAP, including PARP and the tailored IPP;

· Co ordinate allied bi-lateral assistance programmes and keep allied ambassies and relevant IO informed of the Macedonia's MAP-related military assistance requirements as appropriate;

· Maintain close contact and coordinate the activities of NATO

· military delegations working with Macedonian uthorities in its implementation of ANP in context of MAP, including PARP & IPP;

· Provide military technical advice where necessary to Macedonian authorities on the planning and execution of Defense & Security sector reform, including:

- Doctrinal development.
- NATO interoperability requirements.
- Command and control arrangements.

Reforming and strengthening border security:

· Provide military advice to Macedonian authorities on border security and smuggling interdiction.

· Assist the governmental authorities in the coordination of bi-lateral and multilateral border security smuggling & interdiction initiatives to encourage unity of effort with the IC.

· Coordinate with KFOR and Albania on border security issues and other areas of concern.

From a standing start in April 2002 the NAT has become a key part of the NATO mission in MACEDONIA and an established part of the International Community effort within MACEDONIA. The team now has offices within the MACEDONIA MOD and as well as having close contacts to Minister/ Prime Minister and the President they participate in regular joint staff meetings with the ARM General Staff. The core role of the team is to assist with the military aspects of the Membership Action Plan and to asisst the government, the MOD and the General Staff to prepare for the periodic NATO assessments. In addition, over the last few months the team has provided background operational briefing material, advice on ROE, conducted a seminar on the Operational Planning Process and assisted in the training of the ISAF contingent.

At the moment the main area of work is to support and assisst in the process of the recently announced Strategic Defence Review, which will be a significant, and very detailed project. Concurrently the NAT has started several projects which will inform the SDR , these are:

- Assessment of the Macedonian Special Forces Capability;
- Development of logistic support to deployed operations;
- Assessment of the potential of Krivolak Training Area as a regional/NATO training facility;
- Review of ARM soldier/ NCO structure and training programmes;
- Review of ARM equipment holdings and development of a medium and long-term weapons and equipment procurement strategy.

NATO is committed to provide a strong advisory effort in Macedonia, for as long as it is needed. The medium term goal of the team is to assisst the Government in meeting the necessary defence standards for NATO membership, in the longer term the team will assist in the Government's aim of having, modern, professional armed forces, relevant to Macedonia's needs, representative of the multi-ethnic and pluralistic nature of Macedonian society and delivering real value for money to the Macedonian public.











# Нашите војници во Ирак и во Авганистан







Во почетокот на декември 2003 година, за Ирак замина нов македонски армиски контингент составен од 31 припадник на Единицата за специјални намени во мисијата „Слобода за Ирак", кои ќе учествуваат во обезбедувањето стабилност и поддршка на коалиционите оперативни бази во Ирак.

Ова е вториот контингент македонски војници кои земаат учество во мисијата „Слобода за Ирак". Од 1 јуни годинава, со шестмесечен мандат во Ирак престојуваше единица на АРМ составена од штабни офицери и 28 војници – припадници на специјалните сили и на 1. пешадиска бригада. Новите македонски мировници, исто така со шестмесечен мандат, поминаа висококвалитетна обука, запознати се детално со состојбите и сознанијата за Ирак, времето како фактор, ризиците на операцијата и задачите кои ќе ги извршуваат. Активностите и мисиите во рамките на мировната операција, според меѓународната терминологија прифатена во Македонија. опфаќаат зачувување на мирот, спроведување на мирот со сила (во што се опфаќа операцијата „Слобода за Ирак" и учеството на македонскиот армиски контингент), превенција на конфликти, воспоставување мир и хуманитарни операции.

Во Ирак и во Авганистан, според министерот за одбрана на РМ, Владо Бучковски, македонските војници го даваат својот придонес во стабилизирањето на мирот и развојот на демократијата, но и докажуваат дека „македонската армија е достојна да работи заедно со многу моќни армии, со што крупно чекориме кон остварување на целта за рамноправно членство во НАТО".

„Завршувањето на меѓународното воено присуство во земјава, мисијата „Конкордија" и нашето учество во мисиите во Авганистан и во Ирак, јасно покажуваат дека Македонија радикално ја менува својата позиција, го зајакнува кредибилитетот и угледот, а со тоа може да придонесе за зацврстување на светскиот мир и стабилност", рече министерот за одбрана Владо Бучковски пред пратениците на македонскиот Парламент при усвојувањето на Одлуката за испраќање нова единица на АРМ во мировна операција во Ирак.

Честитајќи за храброста на македонските војници во Ирак, американскиот секретар за одбрана истакна дека „тие покажуваат резултати достојни за почит и претставуваат пример за професионалност и за решителност. Со учество во Мисијата „Слобода за Ирак" Македонија и вашиот народ застанаа на страната на мирот, демократијата и глобалната борба против тероризмот, втемелувајќи го партнерството со американскиот народ", нагласи Доналд Рамсфелд.

АРМ за првпат учествуваше на една ваква мировна операција на 7 август 2002 година, кога, во состав на турскиот контингент од Мултинационалната бригада и штабот на силите на ИСАФ, во Кабул – Авганистан, ги упати капетанот Зоран Јанев, во улога на штабен офицер за врска, и поручникот Марјан Наков, како помошник-офицер за операции. По завршувањето на мисијата, македонските старешини добија највисоки оценки за извршените задачи и во најдобро издание пред останатите 22 земји-членки на ИСАФ ја претставија АРМ како рамноправен учесник.

По четири и половина месечен престој во Кабул и по успешно извршените задачи, македонските старешини, учесници во првата-историска мировна мисија, беа заменети со нови. На 20 декември 2002 година, капетанот Марјан Угрев од Првата пешадиска бригада и поручникот Васко Пачемски, заминаа за Турција и му се приклучија на турскиот баталјон во Авганистан во составот на ИСАФ. Со тоа Република Македонија и АРМ продолжија да го даваат својот конкретен придонес во борбата против светскиот тероризам и во градењето на мирот. Желбата да се партиципира во мировни операции со помали единици предводени од НАТО, набргу се оствари. На 7 март 2003 година, одделение на Втората пешадиска бригада на АРМ замина на шестмесечна меѓународна мировна мисија ИСАФ-3 во Авганистан, во состав на германскиот контингент.

Учеството на македонските војници во мисиите во Ирак и Авганистан го покажаа високиот степен на напредок што го постигна Република Македонија во подготовките за членство во НАТО. Македонските контигенти во Ирак и Авганистан, како дел од меѓународната коалиција во борбата против тероризмот, достоинствено ја претставуваат нашата земја во одбрана на целите и вредностите во кои верува целокупниот демократски свет.



# Our soldiers in Iraq and Afghanistan

At the beginning of December 2003, a new Macedonian Army contingent, consisted of 31 members of the special actions unit „the Wolves“, left for Iraq in the “Iraqi Freedom” mission, who would participate in the providing of stability and support of the coalitions’ operative bases in Iraq.

This is the second contingent of Macedonian soldiers which would take part in the “Iraqi freedom” mission. From June 1, this year, an ARM unit consisted of staff officers and 28 soldiers, members of the Special Forces and the First Infantry Brigade, stayed with a six months mandate in Iraq. The new Macedonian peacekeepers, also with a six-month mandate, completed a high-quality training, they were introduced in details with the conditions in Iraq and the information about this country, the weather as a factor, the operation risks and the assignments that they would be carrying out. The activities and the missions in the frames of the peace operation, according to the international terminology that is accepted in Macedonia, cover peace keeping, conducting of peace by force (which encloses the operation „Iraqi freedom“ and participation of the Macedonian Army contingent), conflict prevention, establishing of peace, and humanitarian operations.

According to the Minister of Defence of the Republic of Macedonia, d-r Vlado Buckovski, in Iraq and Afghanistan, the Macedonian soldiers contributed in the stabilization of peace, development of democracy, but also proved that „the Macedonian Army is worthy of working together with much more powerful armies, by which we are making huge steps towards the realization of our goal for full-time NATO membership“.

“The finalization of the international military presence in the country, the mission “Concordia”, and our participation in the missions in Afghanistan and Iraq, clearly demonstrate that Macedonia is changing its position radically, and it strengthening its credibility and reputation, by which it could contribute to the enhancing of the world peace and stability”, stated the Defence Minister Vlado Buckovski before the members of the Macedonian Parliament during the adopting of the Resolution for dispatching a new ARM unit in peace mission in Iraq.

Congratulating to the Macedonian soldiers in Iraq on their bravery, the American State Secretary of Defence pointed that „they demonstrate results worthy of respect and that they are an example for professionalism and determination. With the participation in the „Iraqi freedom“ mission, Macedonia and your people stand behind the peace, democracy and the global fight against terrorism, setting the fundaments of their partnership with the American people“, stated Donald Rumsfeld.

The ARM has participated for the first time in such peace operation on August 7, 2002, in the frames of the Turkish contingent from the Multinational brigade and the ISAF Forces Command in Kabul, Afghanistan, by sending the captain Zoran Janev, as a liaison staff officer, and the lieutenant Marjan Nakov, as a assistant officer for operations. After the completion of the mission, the Macedonian senior officers received highest grades for the accomplished assignments, and they represented the ARM in the best light, as an equal participant, in front of the other 22 ISAF member-countries.

After the four and a half months stay in Kabul and the successfully conducted assignments, the Macedonian senior officers, participants in the first historic peace mission, were replaced with new members. On December 20, 2002, the captain Marjan Ugrev from the First Infantry Brigade, and the lieutenant Vasko Pachemski left for Turkey and joined the Turkish battalion in Afghanistan in the frames of ISAF. With this, the Republic of Macedonia and the ARM continued to give their concrete contribution in the fight against the world terrorism and building of peace. The desire to take part in peace operations with smaller units led by NATO was soon realized. On March 7, 2003, a squad from the Second Infantry Brigade of the ARM left on a six months international peace mission ISAF-3 in Afghanistan, in the frames of the German contingent.

The participation of the Macedonian soldiers in the missions in Iraq and Afghanistan demonstrated a high degree of progress that the Republic of Macedonia has achieved in its preparations for NATO membership. The Macedonian contingents in Iraq and Afghanistan, as a part of the international coalition in the fight against terrorism proudly represent our country in defending of the goals and values in which the entire democratic world believes.









# Модернизација и стандардизација на опремата











Во Армијата на Република Македонија во тек е реализација на Програмата за модернизација и стандардизација на опремата и вооружувањето на АРМ, со цел да се конкретизира (согласно бројната состојба на Армијата и предвидените опасности) каква опрема, техника и вооружување е потребно.

На АРМ и претстои донесување сеопфатен и конзистентен план за модернизација на оружјето и на опремата до 2007 година, со што целосно ќе се заокружат главните компоненти на реформата. Притоа, изготвен е и план за набавките од странство, со оглед на тоа што досегашното непланско преземање и примање на помош од други држави, неколкукратно ја наплаќа Република Македонија. Покрај другото, со помош на американската консултантска компанија „Буз Ален Хамилтон", ќе се подготвува регулатива за повеќегодишното планирање, програмирање и буџетирање во Министерството за одбрана и во АРМ.

Истовремено, извршена е и пренамена на процентот



од буџетот во делот на одбраната, кој се користи за одржување на старото оружје, бидејќи над 50 проценти од буџетот на МО се трошат за плати и надоместоци, над 30 проценти за одржување на опремата, а само над 10 проценти за модернизација. Од тие причини, ќе се зголеми процентот од буџетот наменет за модернизација на Армијата, а со ослободувањето од тенковите Т-55 и авионите „сухој", ќе се намали процентот на средствата потребни за одржување. Сето тоа ќе ја зголеми ефикасноста на нашата Армија.



# Ослободување од непотребниот имот

Во согласност со намалувањето на персоналот, а во контекст на потребите на АРМ, проектирано е и намалување, односно ослободување од непотребниот имот на АРМ. Од сегашниот вкупен број на 16 гарнизони и 26 касарни, потребите можат да ги задоволат 13 гарнизони и 19 касарни. Останатиот имот со кој располага Армијата (угостителски објекти, магацини, земјиште и слично) коишто не се суштински поврзани со функцијата на Армијата, заради намалување на трошоците во Армијата, се предвидува да бидат отуѓени или дадени под закуп.

Министерството за одбрана и АРМ, во рамките на ослободувањето од несуштинските објекти, во најкраток рок ќе ги определат прецизно објектите и подвижиниот имот кои ќе бидат предмет на отуѓување. Со одлука на Владата, ќе се отуѓат касарните во Крива Паланка, Ново Село, Гевгелија и домовите на Армијата во Велес и Крива Паланка. Добиените средства ќе бидат наменети за изградба на службени станови на Министерството во неколку градови во земјата.

# Modernization and standardization of the equipment



In the Army of the Republic of Macedonia, there is an ongoing realization of the Program for the modernization and standardization of the equipment and the armament of the ARM whose purpose is concretization (according to the numeral condition in the Army and the foreseen dangers) of what type of equipment, technique and armament is needed.

The ARM is about to bring an extensive and consistent plan for modernization of the weaponry and the equipment until 2007, with which, the main components of the reform would be completely rounded. At the same time, a plan for the foreign procurements was completed because of the fact that the Republic of Macedonia has paid on number of occasions for the unplanned acceptance and receiving of the foreign assistance. Among the other, a regulative for the long-term planning, programming and budgeting of the Ministry of Defence and the ARM would be prepared with the assistance of the American Consulting Company "Buz Allan Hamilton".

At the same time was conducted a readjustment of the percentage of the defence budget which is used for the maintenance of the old weaponry, since more than 50% from the MOD budget is being spent on the salaries and complimentary fees, more than 30% for the maintenance of the equipment, and only little above 10% for modernization. Therefore, the budget percentage aimed for the modernization of the Army would be increased, and with the releasing of the T-55 tanks and the Su-25 aircrafts, the percentage of the resources needed for the maintenance would be decreased. All this would contribute in the improving of the efficiency of the Army.













# Disposing of the redundant property

In accordance with the decreasing of the personnel, and in the context of the ARM' s needs, a disposal of the redundant property of the ARM was projected as well. From the present number of 16 garrisons and 26 barracks, the needs would be satisfied with 13 garrisons and 19 barracks. It is envisaged that the rest of the property that the Army possesses (restaurant facilities, storehouses, land properties etc.) which are not meaningfully linked to the functioning of the Army, should be sold or granted by lease.

Within the framework of the disposing of the non-vital facilities, the Ministry of Defence and the ARM in the shortest possible time would precisely set the facilities and the movable properties that would be sold. With the Government's decision, the barracks in Kriva Palanka, Novo Selo, and Gevgelija, as well as the ARM houses in Veles and Kriva Palanka would be sold. The received money would be spent for the building of dwelling places for the Ministry in several towns in the country.

ЈАДРАНСКА ГРУПА

# Зајакнато партнерство



Со Јадранската повелба, зад која застанаа Соединетите Американски Држави, Република Македонија конкретно ја манифестира својата политичка определба за цврста регионална соработка, што е еден од основните услови за интегрирање на регионот во НАТО. Поддршката на овие напори САД ја изразија преку усвојувањето на Резолуцијата на Долниот дом на Сенатотот на САД на 24 јуни 2003 година за поддршка на напорите на Република Македонија, на Албанија и на Хрватска за членство во Алијансата. Токму кон овој пат САД се наш промотор, лобист, стратешки партнер на Република Македонија.

„Сите европски демократии од Балтикот до Црното Море, и сите што се помеѓу нив, треба да имаат иста шанса за безбедност и слобода и иста шанса да се приклучат на европските институции, како што имаа старите демократии во Европа", изјави претседателот на САД во 2001 на Универзитетот во Варшава. Неговата визија за Европа е целосна, слободна и мирна Европа, и ваквата визија нема да биде комплетна без Балканот.

За обединување на Балканот се создаде Јадранската повелба и истата претставува драматично подигнување на големата завеса на 21 век. Демократиите од НАТО го создадоа и го чуваат мирот на Балканот. Ние не сакаме да бидеме пасивни набљудувачи на тој процес. Затоа сакаме да се најдеме во фокусот на евроатлантската агенда.

НАТО е главниот агенс за трансатлантската соработка. НАТО претставува заедница на заеднички вредности и заеднички заложби за демократија, слободен пазар и владеење на правото. НАТО е појдовната причина заради која беше формирана Јадранската група, но користа од нејзиното постоење е повеќестрана. Веднаш по самото потпишување на Повелбата, министрите за одбрана, на иницијатива на македонскиот министер за одбрана, д-р Владо Бучковски, се сретнаа на маргините на министерската средба на ЕАПС-министрите за одбрана на 12 јуни 2003 во Брисел. Првата трилатерална средба на министрите за одбрана заврши со консензус за изработка на заедничка стратегија и заеднички пристап кон соработката во рамките на Јадранската соработка, а во контекст на „фаќање на возот" чија дестинација е НАТО. Само два месеца подоцна, тројцата министри се сретнаа повторно на маргините на друга конференција во Софија, каде што го усогласија текстот на заедничката изјава која ја усвоија само 8 дена подоцна, на 12 септември 2003 во Тирана. Заедничката изјава ги дефинира областите во кои треба да се одвива соработката во областа на одбраната, и тоа: консултации за безбедносна и одбранбена политика; размена на воено образование на сите нивоа; военотехничка соработка; консултации за контрола на вооружувањето; соработка во мировни операции.

Во заедничката изјава, тројцата министри се заложуваат и за понатамошно развивање на меѓусебната билатерална соработка за да се интензивира размената на информациите со цел да се намалат заканите од тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со луѓе, вооружувањетото и оружјетото за масовно уништување. Оваа изјава е уште една заложба за солидарност, но и повеќе од тоа – заложба за меѓусебна помош и поддршка секогаш кога има потреба за тоа. Министрите за одбрана во ноември 2003 година повторно седнаа на иста маса во рамките на СЕДМ и се договорија да развијат 6-месечен акционен план со конкретно прецизирани активности. Првата точка на агендата од изјавата ќе се реализира на највисоко ниво уште во мај 2004, кога министерот Бучковски ќе биде домаќин на министерска средба на која ќе учествуваат неговите колеги од Албанија и Хрватска, но оставајќи ја вратата отворена и за Србија и Црна Гора и Босна и Херцеговина.

Ние, земјите од Јадранската група, не гледаме на Јадранскиот процес како на замена за МАП-процесот. Напротив, јадранскиот процес е возилото кое ќе нè однесе низ МАП-процесот до крајната зацртана цел. Јадранскиот процес е како тест со лакмусова хартија – начин да докажеме дека знаеме да бидеме сојузници и да покажеме какви сојузници ќе бидеме во иднина. Влогот се 10 милиони Европејци кои живеат на нашите простори – тие припаѓаат тука во Европа и во сите нејзини институции. Истовремено докажуваме дека сме сојузници во глобалната борба против тероризмот, контрибутори во Авганистан и Ирак. Имаме интензивна програма на подготовки во рамките на Акциониот план за членство на НАТО. Ги спроведуваме реформите на политички, на економски и на воен план. Ги јакнеме билатералните односи со сите земји во регионот. Така ја градиме довербата, а довербата е клуч за изградба на безбедноста. Јадранската одбранбена соработка буквално претставува котва на балканската безбедност .

И како што НАТО ја следи политиката на отворени врати, сметаме дека и Јадранската група треба да ја следи истата политика – отворени врати во јадранскиот процес за приклучување на останатите земји во регионот, не со цел да создаваме клубови во Клубот, туку да им помогнеме „да се качат на возот и да се приближат до локомотивата".

## Заеднички вежби

Во изминатиов период беше одржана и заедничка воена вежба помеѓу Армиите на Република Македонија и Република Албанија. Заедничка вежба во Албанија одржаа македонските, италијанските и албанските војници. Вакви вежби ќе се одржуваат и во иднина, со учество на други држави од регионот, како израз на соработката меѓу соседите кои се и кандидати за членство во НАТО.



# Enhanced partnership

With the Adriatic Charter, behind which stand the United States of America, the Republic of Macedonia has concretely manifested its political determination for a firm regional cooperation, which is one of the basic conditions for integration in the NATO region. The USA expressed their support through the adopting of the resolution in the House of Representatives of the US Senate on June 24, 2003, thus supporting the efforts of the Republic of Macedonia, Albania, and Croatia for the membership in the Alliance. The USA are our promoter and lobbyist on this road, as a strategic partner of the Republic of Macedonia.

All the European democracies from the Baltic to the Black Sea, all the countries that are situated between them, should have the equal opportunity for security and freedom, and the same chance to join the European institutions – the same chance as the old democracies in Europe had, stated the President of the USA in 2001 at the Warsaw University. His vision for Europe is united, free, and peaceful Europe and such vision would not be complete without the Balkans.

The Adriatic Charter was created for uniting of the Balkans and it represents a dramatic raise of the curtain of the 21st century. NATO democrats have created the peace in the Balkans and are keeping it. We do not want to be passive onlookers of the process. Therefore, we would like to be in the focus of the Euro Atlantic agenda.

NATO is the main substance for the Euro Atlantic cooperation. NATO is a community of mutual values and joint efforts for democracy, free market and governing of the law. NATO is the main reason for forming of the Adriatic group, but the benefit from its existence has many dimensions. Right after the signing of the Charter, the Defence Ministers, on the initiative of the Macedonian Defence Minister, d-r Vlado Buckovski met on the margins of the EAPS Ministerial meeting of the Defence Ministers on June 12, 2003 in Brussels. The first trilateral meeting of the Defence Ministers finished with a consensus for working out a joint strategy and joint approach towards the cooperation in the frames of the Adriatic cooperation, and in the context of getting on the train whose destination is NATO. Only two months latter, the three Ministers met again on the margins of another conference in Sofia, where they approved the text of the joint statement which was adopted only 8 days afterwards, on September 12, 2003 in Tirana. The joint statement defines the areas in which the cooperation in the field of defence should be carried out: consultations regarding the security and defence policy; exchange of military training at all levels; military-technical support; consultations regarding the arms control; cooperation in military operations;

In the joint statement, the three Ministers pledged for future development of the mutual bilateral cooperation and intensifying of the exchange of the information in order to diminish the threats from the terrorism, organized crime, illegal trafficking with people, armament and weapons for mass destruction. These are all challenges, but they are our obligation as well – because the passiveness is equal to approval.

This statement is another pledge for solidarity; but there is more to it – a pledge for mutual assistance and support whenever it is necessary. The Defence Ministers in November 2003 met once again in the frames of the SEDM and agreed to develop a 6-months action plan with concrete and precise activities.



The first point of the statement agenda would be realized on the highest level in May 2004, when the Minister Buckovski would be the host of the Ministerial Meeting, at which his colleagues from Albania and Croatia would take part, but also the door would be left open for Serbia and Montenegro and Bosnia and Herzegovina.

We, the countries from the Adriatic Group do not see the Adriatic process as a substitute for the MAP process; on the contrary, the Adriatic process it's the means which would lead us trough the MAP process until we reach the final envisaged objective. The Adriatic process is like a litmus paper testing – a method to prove that we know to be allies and to demonstrate what kind of allies we will be in future, the stake are the 10 million Europeans living in these regions – they belong here in Europe and in all its institutions. At the same time, we are proving that we are allies in the global fight against terrorism, contributors in Afghanistan and Iraq. We have an intense preparatory program in the frames of the Membership Action Plan for NATO. We conduct the reforms on a political, economic and military plan. We intensify the bilateral relations with all the countries in the region. In that way, we are building the confidence, which is the key for establishing of the security. The Adriatic defence cooperation is literally the anchor of the Balkan security.

Just like NATO is following its open doors policy – we believe that the Adriatic group should follow that same policy as well – open doors in the Adriatic process for joining of the other countries in the region; our purpose is not to create clubs in the Club, but to assist them in catching the train and nearing to the locomotive.

## Joint exercises

In the previous period was held a joint military exercise of the Armies of the Republic of Macedonia and the Republic of Albania. The Macedonian, Italian, and the Albanian soldiers will conduct a joint exercise in Albania. Such exercises would be held in future as well, with the participation of the other countries in the region, as an expression of the cooperation between the neighbours which are also candidates for NATO membership.



ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ СТАНДАРДИ

# Граничното обезбедување од Армијата го презема Полицијата









Процесот за интегрирано гранично обезбедување е во тек во сите земји во регионот, меѓутоа нивото на реализација на утврдената динамика, цели и задачи е на различно ниво.

Во Република Македонија преземањето на граничното обезбедување од страна на МВР ќе се реализира во наредните неколку години согласно Стратегијата за интегрирано гранично обезбедување, а најдоцна до крајот на 2005 година, со чие реализирање ќе престане и да постои Граничната бригада. РМ е една од последните европски земји, вклучувајќи ги и оние во транзиција, во која границите сè уште ги чуваат војници, а не полицајци. Во Европа демилитаризираните граници се стандард со децении. Врз основа на претходно искажаното, ако се земе предвид фактот дека земјите во регионот длабоко се навлезени во процесот на интегрирано гранично обезбедување, Владата, заедно со Претседателот на државата, настојуваат да се забрза процесот на преземање на границата од АРМ во надлежност на полицијата. На тој начин ќе се повлечат два чекори напред, еден кон интегрирањето во Северноатлантската алијанса, а другиот кон ЕУ.

Врз основа на безбедносните процени на домашните и странски безбедносни органи, како и во усвоената Концепцијата за одбрана и безбедност, јасно се кажува дека РМ не е соочена со конвенционални закани. Заклучокот може да биде само еден: АРМ се трансформира од главна одбранбена сила во сила која придонесува за безбедноста на државата.

Членството во НАТО, како стратешка цел за Македонија, значи многу повеќе од обичен пристап под безбедносен чадор. Македонија мора да планира да придонесува кон Алијансата на позитивен и конструктивен начин. Ова значи дека АРМ ќе мора да биде способна да распореди и да оперира надвор од територијата единица за подолг период. Покрај тоа ќе треба да биде целосно интероперативна со НАТО – нашата опрема, нашата доктрина и нашата обука мора да нè оспособат целосно да се интегрираме со НАТО-сојузниците. Тоа значи дека го напуштаме концептот „народна одбранбена сила“, заменувајќи го со концепт на модерна, професионална, добро обучена и добро мотивирана сила, репрезентативна на етничкиот состав на населението во земјата.

Полноправното членство на Република Македонија во НАТО и во ЕУ претставува јасен и недвосмислено изразен стратешки интерес и приоритет во политиката на Владата на Република Македонија. Со цел зачувување на националниот и регионален мир и стабилност, како дел од целокупните реформи во безбедносниот сектор, а во насока на обезбедување сигурни и контролирани граници согласно препораките на Европската унија и обврските од Договорот за стабилизација и асоцијација, Владата донесе заклучоци за формирање на меѓуминистерска работна група за изготвување национална стратегија за интегрирано гранично управување во која ќе бидат содржани основите и роковите за усогласување на законската регулатива и формирање на гранична полиција.

Пристапено е кон интензивно усогласување на законската регулатива и ќе се изврши измена и приспособување на постојните закони во насока на правно регулирање на процесот на формирање граничната полиција, односно постигнување компатибилност помеѓу домашните закони и европската легислатива.

Интегрираниот граничен менаџмент претставува долгорочна општа цел на земјите од Западен Балкан, со цел нивна интеграција во Европската унија и НАТО. Формирањето гранична полиција е процес во регионот за кој се разговараше на Охридската регионална конференција за гранично обезбедување и менаџмент на 22 и 23 мај 2003 година. Во еден дел од заедничката платформа се утврдени правците и инструментите на понатамошните активности. Всушност, европскиот граничен модел е идеја прифатена и предложена од НАТО, ЕУ, ОБСЕ и од Пактот за стабилност.



# Police takes over the border securing from the Army

The process of the integrated border security is ongoing in all the countries in the region; however, the degree of realization of the established dynamics, objectives and assignments is on a different level.

In the Republic of Macedonia the takeover of the border securing by the Ministry of Interior will be realized in the next few years according to the Strategy for integrated border security, and by the end of the 2005 the latest with its realization, the Border Brigade would cease operating. The Republic of Macedonia is one of the last European countries, including the countries in the transition, where the borders are guarded by the soldiers instead of policemen. In Europe, the demilitarized borders are a standard for decades. As regards what was previously mentioned, taking into consideration the fact that the countries in the region have deeply enrolled in the process of the integrated border securing, the Government, together with the President of the state, tend to accelerate the process of the takeover of the borderline from the ARM in the police authority. In that way, two steps forward would be made one towards the North Atlantic Alliance integration, and the other one towards the European Union.

Based on the security assessment of the home and foreign security bodies, as well as the adopted Defence and Security Concept, it is clearly pointed that the Republic of



Macedonia is not faced with conventional threats. The conclusion could only be the following: ARM is transformed from a main defence force into a force that contributes to the security of the country.

The NATO membership – as a strategic objective for Macedonia means much more than just an adherence under the security umbrella. Macedonia must plan to contribute in the Alliance in a positive and a constructive manner. This means that the ARM must be capable of deploying and operating outside its territorial unit for a longer time period. Apart from that, it has to be fully interoperative with NATO- our equipment, our doctrine and our training should enable us to integrate completely with our NATO-Allies. It means that we are abandoning the concept of a "national defence force", and we are replacing it with the concept of a modern, professional, well-trained, and highly motivated force, representative of the ethnical structure of the population in the country.

The full-time NATO and EU membership of the Republic of Macedonia is a clear and indisputable strategic interest and priority in the policy of the Government of the Republic of Macedonia. In order to retain the national and the regional peace and stability as a part of the overall reforms in the security sector, and in the direction of obtaining protected and controlled borders accordingly to the recommendations of the European Union, and the responsibilities from the Stabilization and Association Agreement, the Government brought resolutions for forming of interministerial working group that would prepare a national strategy for integrated border security that would embody the principles and the deadline for coordinating of the law regulation and the forming of the border police.

The intensive coordination of the law regulation is being initiated, as well as an alteration and adjustment of the existing laws in the direction of the legal regulation of the process of forming of the border police, i.e. achieving compatibility of the national laws and the European legislative.

The integrated border management represents a long-term general objective of the countries from the Western Balkans for NATO and EU integration. The formation of the border police is a process in the region, which was discussed on the Ohrid's Regional Conference for border securing and management, held on May 22-23, 2003. In one segment from the joint platform were established the directions and the instruments for the future activities. In fact, the European border model is an idea which was accepted and suggested by NATO, EU, OSCE, and the Stability Pact.









# НАТО, реформи, безбедност

Во текот на март 2003 година, Центарот за етнички и безбедносни прашања при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, на барање на Министерството за одбрана, спроведе испитување на јавното мислење во Република Македонија на репрезентативен примерок од 1.200 испитаници, вкрстени со повеќе независни варијабли. Беа вклучени три групи на прашања: за односите на Македонија со НАТО, за реформите во одбраната и за општата безбедносна ситуација.

Во првата група, за односите на Република Македонија со НАТО, на прашањето „што, според вас, Македонија би добила со зачленувањето во НАТО“, близу 30 проценти од испитаниците одговориле дека Македонија би добила заштита на територијата и суверенитетот, додека 22 процента се одлучиле за гаранција за заштита при напад од друга држава (Табела 1). На прашањето „сакате ли Македонија да стане членка на НАТО“, близу 64 проценти од испитаниците одговориле потврдно. (Табела 2). Ова е генерален тренд во последните десет години, со голем пад само за време на кризата во 2001 година. Исто така, граѓаните сметаат дека Македонија ќе стане членка на НАТО, но не наскоро. Според некои од одговорите, граѓаните сметаат дека со зачленувањето во НАТО би добиле поголема лична безбедност и не би се плашеле од избувнување на воени судири.

Во втората група, за реформите, на прашањето „дали ја поддржувате програмата на Министерството за одбрана за спроведување на реформи во македонската одбрана“, 57 проценти од граѓаните се изјасниле позитивно, додека 30 проценти одговориле дека оваа програма не им е позната. (Табела 3) Истовремено, граѓаните сметаат дека реформите во одбраната ќе ја зголемат ефикасноста на Армијата и на Министерството за одбрана, дека со намалувањето на воениот рок и професионализацијата на армијата ќе се заштедат финансиски средства и ќе се добие поефикасен систем на одбрана и дека го поддржуваат намалувањето на бројот на старешините и на цивилните лица во АРМ и МО. Близу 50 проценти се изјасниле позитивно за министерот за одбрана Владо Бучковски и неговите реформски заложби. Исто така, што е константен тренд, 48 проценти од граѓаните целосно ѝ веруваат на Армијата на Република Македонија.

Во третата група, близу 48 проценти од испитаниците сметаат дека сегашната стабилност на Република Македонија (март 2003), споредено со претходните две години, е постабилна. Во однос на меѓународните организации што можат да ѝ помогнат на Македонија, граѓаните се најнаклонети кон Европската унија. На прашањето „што, според вас, претставува најголема закана за националната безбедност на Република Македонија“, одговорите се дека тоа е невработеноста и сиромаштијата – 24 проценти, следуваат етничкиот екстремизам со 19 и организираниот криминал со 18 проценти. Тоа се всушност и трите најголеми проблеми во државата со мала доминација на економските проблеми.

Генерално гледано, и со ова истражување се потврди високата доверба што граѓаните на Република Македонија ја имаат во однос на Армијата, позитивниот став за зачленувањето во НАТО, но и позитивниот однос кон Програмата за спроведување на реформи во одбраната и стабилизирањето на безбедносната ситуација во земјата.

**ШТО, СПОРЕД ВАС, МАКЕДОНИЈА БИ ДОБИЛА СО ЗАЧЛЕНУВАЊЕТО ВО НАТО?**

| | Честота | Процент |
|---|---|---|
| Заштита на територијата и суверенитетот | 358 | 29,8 |
| Гаранција за заштита при напад од друга држава | 259 | 21,6 |
| Гаранција дека нема да избијат меѓуетнички судири | 152 | 12,7 |
| Подобрување на материјално-техничката опременост на АРМ | 114 | 9,5 |
| Не би добила ништо | 253 | 21,1 |
| Не знам | 64 | 5,3 |
| **Вкупно** | 1200 | 100 |



Табела 1 Table 1

**WHAT, IN YOUR OPINION, MACEDONIA WOULD GAIN BY BECOMING A NATO MEMBER?**

| | Frequency | Percent |
|---|---|---|
| Protection of the territory and the sovereignty | 358 | 29,8 |
| Guarantee for protection in case of attack by another state | 259 | 21,6 |
| Guarantee for that interethnic conflicts will not occur | 152 | 12,7 |
| Improvement of the material-technical equipment of the Army | 114 | 9,5 |
| Would not gain anything | 253 | 21,1 |
| Do not know | 64 | 5,3 |
| Total | 1200 | 100 |



Table 2



Табела 2

**САКАТЕ ЛИ МАКЕДОНИЈА ДА СТАНЕ ЧЛЕНКА НА НАТО?**

| | 2001 г (%) | 2003 г (%) |
|---|---|---|
| Да | 59,83 | 63,8 |
| Не | 27,36 | 20,9 |
| Немам став | 12,81 | 15,3 |
| **Вкупно** | 100 | 100 |

**WOULD YOU LIKE MACEDONIA TO BECOME MEMBER OF NATO?**

| | 2001-Per cent | 2003-Per cent |
|---|---|---|
| Yes | 59,83 | 63.8 |
| No | 27,36 | 20.9 |
| Have no opinion | 12,81 | 15.3 |
| Total | 100 | 100 |

| DO YOU SUPPORT THE PROGRAMME OF THE MINISTRY OF DEFENCE FOR IMPLEMENTING REFORMS IN THE MACEDONIAN DEFENCE? | Frequency | Per cent |
|---|---|---|
| Yes | 687 | 57.3 |
| No | 153 | 12.8 |
| I am not familiar with the programme | 360 | 30 |
| **Total** | 1200 | 100 |




| ДАЛИ ЈА ПОДДРЖУВАТЕ ПРОГРАМАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФОРМИ ВО МАКЕДОНСКАТА ОДБРАНА? | Честота | Процент |
|---|---|---|
| Да | 687 | 57,3 |
| Не | 153 | 12,8 |
| Не ми е позната оваа програма | 360 | 30 |
| **Вкупно** | 1200 | 100 |

ДАЛИ ЈА ПОДРЖУВАТЕ МАКЕДОНИЈА ЗА ВЛЕЗ ВО НАТО?




DO YOU SUPPORT MACEDONIA BECOMING A MEMBER OF NATO?




# NATO, reforms, security

In March 2003 the Center for Ethnic and Security Issues within the Institute for Sociological, Political and Juridical Research, by request of the Ministry of Defence, conducted a public opinion poll in the Republic of Macedonia on representative sample of 1200 respondents, cross-tabled with several independent variables. Three groups of questions were included: Macedonia-NATO relations, defence reforms and general security situation.

In the first group, Macedonia-NATO relations, on the question "what, in your opinion, Macedonia would gain by becoming a NATO member", almost 30 per cent of the respondents answered that Macedonia will gain protection of the territory and the sovereignty, while 22 per cent decided for guarantee for protection in case of attack by another state. (Table 1) On the question "would you like Macedonia to become member of NATO", almost 64 per cent of the respondents answered positively. (Table 2) This is a general trend in the last ten years with big decline only during the crises in 2001. The citizens, also, think that Macedonia will become member of NATO, but not very soon. According to some answers, the citizens believe that with NATO membership, they would gain greater personal security and would not be afraid of eruption of military conflicts.

In the second group, about the reforms, on the question "do you support the programme of the Ministry of Defence for implementing reforms in the Macedonian defence", 57 per cent of the citizens answered positively, while 30 per cent answered that they are not familiar with the programme. (Table 3) At the same time, the citizens believe that the reforms in the defence will increase the efficiency of the Army and the Ministry of Defence, that by shortening the time for conscript service and the proffesionalization of the Army, financial resources will be saved and will gain more efficient defence system and that they support decreasing the number of officers and civilians in ARM and MoD. Almost 50 per cent declared positively for the Minister of Defence Vlado Buckovski and his reform initiatives. Also, as a constant trend, 48 per cent of the citizens completely trust the Army of the Republic of Macedonia.

In the third group almost 48 per cent of the respondents believe that the current stability of the Republic of Macedonia (March 2003), compared with the previous two years, is more stable. With respect to the international organizations that can support Macedonia the citizens are most inclined to the European Union. On the question "what, in your opinion, represents the biggest threat for national security of the Republic of Macedonia", the answers are that it is the unemployment and the poverty with 24 per cent, followed by the ethnic extremism with 19 and the organized crime with 18 per cent. Those are actually the three biggest problems in the country with a small domination of the economic problems.

Generally, even with this poll, the high confidence that the citizens have for the Army and the positive attitude toward NATO membership have been confirmed, but also the positive attitude towards the programme for implementing the defence reforms and stabilization of the security situation in the country.



# ТИЕ РЕКОА ЗА МАКЕДОНИЈА
# THEY SAID ABOUT MACEDONIA



Македонија се наоѓа во период на безбедносна стабилизација со голем напредок во оваа насока, а направен е и значителен прогрес во реформите во Армијата – **Џорџ РОБЕРТСОН**, генерален секретар на НАТО.

Macedonia is in a period of security stabilization and it is demonstrating a great progress in this direction; also, a considerable progress has been made in the Army's reforms – **George ROBERTSON**, NATO Secretary General.



САД ќе знае да го вреднува пријателството со Република Македонија, градејќи партнерски однос... САД стојат зад вашиот народ и вашата држава, овде се секогаш да ви помогнат, зашто стабилна Република Македонија значи значителен придонес кон регионалната стабилност и просперитет – **Доналд РАМСФЕЛД**, државен секретар за одбрана на Соединетите Американски Држави.

The USA would know to appreciate the friendship with the Republic of Macedonia by building a partnership relation….. the USA stand behind your people and your country, they are always here to help you, because the stabile Republic of Macedonia is a great contribution towards the regional stability and prosperity – **Donald RUMSFELD**, Secretary of Defence of the United States of America.



Во реформите во македонската одбрана имате постигнато прогрес, кој со исто темпо треба да продолжи и во следните шест месеци, со цел на Истанбулскиот самит, Република Македонија да биде истакната како сериозен кандидат за интегрирање во следниот круг на проширување на Алијансата – **Џефри ХУН**, државен секретар за одбрана на Велика Британија.

You have achieved progress in the reforms in the Macedonian defence and you should continue with the same pace in the following six months, so that on the Istanbul Summit, the Republic of Macedonia would be pointed as a serious candidate for integration in the next round of the enlarging of the Alliance – **Geoffrey HOON**, Defence Secretary of Great Britain.



Во процесот на стабилизација на Македонија е постигнат огромен чекор напред во споредба со состојбите од пред една година – **Хавиер СОЛАНА**, висок претставник за заедничка надворешна и безбедносна политика на Европската унија.

In the process of the stabilization of the Republic of Macedonia, a huge step ahead has been made in comparison to the situation from the previous year – **Xavier SOLANA**, High Representative of the Joint Foreign and Security Policy of the European Union.



Јадранската повелба потпишана меѓу САД и Македонија, Албанија и Хрватска, се однесува на влезот на овие земји во сите европски институции. Следната шанса за влез во НАТО е Самитот во 2006 година и сметаме дека тоа е вистинското време – **Брус ЏЕКСОН**, претседател на Проектот за демократии во транзиција.

The Adriatic Charter, which was signed by the USA, Macedonia, Albania and Croatia, refers to the entering of these three countries in all the European institutions. The next chance for NATO adherence is on the Summit in 2006, and we believe that it is the perfect time – **Bruce JACKSON**, President of the Project of Democracies in Transition.